СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр.__________

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Третото продолжение на Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 мај 1992 година

Скопје, мај 1992 година

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ТРЕТОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ТРИЕСЕТ И ОСМАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 20 МАЈ 1992 Г0ДИНА


1. АНДОВ СТОЈАН - 2, 7, 12, 13, 37, 59, 60, 62, 66, 67, 76, 84,
2. АРНАУДОВ ЛАМБЕ-16
3. АЛИУ ХАМИД-16,109
4. АЛИТИ АБДУРАХМАН-18
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД-61
6. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ-84
7. БОШКОВ ИЛИЈА -9,73
8. ГОШЕВСКИ ПЕТАР-17,21,78
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР-1,58,60
10. ЃОРЃИЕВСКИ ПЕТАР-3
11. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО-27
12. ЖУТА БЕЌИР-22,65
13. ЈОВАНОВ РИСТ0-21
14. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА-55,108
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ-7,33,75,76
16. КРСТЕВСКИ НИКОЛА-6, 19,72,83
17. КРСТЕВСКИ ЗОРАН-23,82,111,112
18. МИНОВ ПАНЧЕ- 4,51,56
19. НИКОЛОВСКИ ДУШАН -31
20. ПАНОВСКИ МИХАИЛ-88
21. ПАУНОВ ТЕОДОСИЕ-54,64,65
22. ПОПОВСКИ КИРО-12,13

23. ПЕТКОВСКИ ТИТО-14, 19
24. ПЕТРОВ ТОДОР- 15, 51, 58, 82, 86
25. ПРЕВАЛА ШАБАН - 38, 70
26. СЕЛМАНИ НЕИМ- 110
27. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ-85, 103, 107
28. СТАНКОВСКИ РИСТО-54
29. СТОЈКОВ СТОИЛЕ-53, 59,62
30. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА- 3, 58
31. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ-4, 28
32. СТАМЕНОВ РИСТО - 5, 11, 26
33. ТРАЈАНОВСКИ СТОЈАН-2
34. ТАИРИ ЏЕЛАЛ-14, 96
35. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА-28, 31, 52
36. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР-96
37. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН- 90
38. ХАЛИЛИ МУХАМЕД-54, 103, 105, 113
39. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ-61
40. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО-115
41. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 9, 25
42. ШИКОВСКИ МИЛОВАН-34

( гласање)

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Триесет и осмата седница
на Собранието на Република Македонија, одржано на
20 мај 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ванчо Златанов, Ванчо Младенов, Туше Гошев, Васил Зимбаков, Никола Стојановски, Никола Апостоловски, Димитар Поповски, Санде Давчев, Јован Николов, Љупчо Поповски, Љубосав Иванов, Наиф Мустафа и Фаик Абди ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ние расправата вчера ја прекинавме по точка 17, претрес по Предлогот на закон, со еден работен заклучок.

Го молам претставникот на Владата или господинот Гештаковски кој исто така нудеше еден амандман ако сака да излезе да го соопшти.

Инаку ние вчера како што реков ја прекинавме расправата и тоа по текстот на Предлогот на закон.

Има збор Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас имам еден амандман, ние во паузата го погледавме заедно со претседателот со кој мислам дека може да се надмине оваа состојба и член 3 предлагам да гласи: " Во Република Македонија и Република Сло-

венија нерезидентните сметки ќе се отвораат кај деловните банки" Запирката се заменува со точка и понатамошниот текст на член 3 став 1 се брише. Со тоа би се создале овие услови во однос на вчерашната расправа и ќе се надминат одредени проблеми.

СТОЈАН ТРАЈНОВСКИ:

Почитувани пратеници.

Владата го разгледа овој предлог и сугестии и во целост ги прифаќа, го прифаќа и амандманот што го поднесува Гештаковски. Меѓутоа сметаме дека тоа треба да оди во една редовна процедура, а Спогодбата да се ратификува таква каква што е, бидејќи еднаш е ратификувана од Собранието на Република Словенија, а постапка за измена треба да се покрене. Владата е спремна веднаш да покрене постапка за измена на овој член.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Јас само да укажам дека ќе направиме значјна грешка ако почнеме да донесуваме вакви закони. Ништо лошо нема да се случи ако ние го ратифицираме законот во друг текст кој не е спорен за Словенците и тогаш се отвори постапка за усогласување само кај Словенците и таму да се измени законот за ратификација, а не и таму и овде пов-торно да се менува. Тоа кога би било спор помеѓу Словенија и Македонија, тогаш така би одело. Меѓутоа во овој случај не е спор меѓу Македонија и Словенија. Македонија сама се изјаснила овде иако и било сугерирано да не биде вака. Затоа не гледам зошто вие сега сакате овде да се ратифицира еден, да речам така инаку непогоден текст, после да се води постапка за измена на спогодбите кога се знае дека Словенија тоа воопшто не го спори. Вие треба само да ја известите Словенија дека кај нас е ратификувана во друг текст кој повеќе

одговара од тој што они го  предлагаат и тие веднаш ќе го направат тоа. Затоа мислам дека амандманот што господинот Гештаковски го предлага е многу попогоден. Но, еве да слушнеме што мислат и другите пратеници.

ПЕТАР ГОРГИЕВСКИ:

Јас вчера на крајот од седнциата предложив ние да не пристапуваме со ратификација туку во рок од недела дена Владата да стапи во контакт со Словенија и ја извести за оваа измена, со тоа што изменети спогодбите би ги ратификувале на една од првите наредни седници. Инаку мислам дека нема цел нашето одлучување доколку ги ратифицираме такви какви што се направени спогодбите. Затоа сме денес да расправаме по однос на самите спогодби и текстот на тие спогодби и цениме дека СОК со нашиот Устав ги нема тие овластувања што им припаѓаа порано од делот на платниот промет. Како служба таа сигурно после ќе се трансформира во сосема друг облик. Оттука останувам на тој предлог денес ние да не ги ратификуваме спогодбите туку да се пристапи кон измена, а таа измена сигурно ќе биде и прифатена, бидејќи се однесува само за делот на уредување на односите во Републиката кај нас, не се однесува на односите кои се за обврска во Словенија. Уште повеќе што и сегашниот начин на плаќање што сега е во тек ги има тие пречки за извршување на редовните обврски во платниот промет. Сметам дека би требало да го прифатиме амандманот односно да пристапиме кон прифаќање на амандманот и за така изменетите спогодби ја известиме Словенија а после повторно ние да ги ратифицираме, после измените.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Почитувани пратеници,

Спрема мене прифатлив е амандманот што сега на седницата го

поднесе Гештаковски и сметам дека нема потреба од одлагање на законот бидејќи после десет дена да донесеме ние ќе го донесеме во истоветен текст како што е овој заедно со предложениот амандман. Значи и да го одложиме ние истиот текст ќе го имаме заедно со амандманот, бидејќи така е спрема целокупната работа која треба да се одвива меѓу двете републики. Нерезидентските сметки треба да се отворат кај деловните банки. Ако добро се сеќавате, во извештајот кој беше поднесен овде за работата по новиот Закон за банките, нашата комисија имаше забелешка дека платниот промет треба понатаму да се врши во деловните банки, а тоа го немаме ние сега во предложениот предлог за донесување на законот. Според тоа, сметам дека ние треба денес да го донесеме законот заедно со предложениот амандман, со тоа што во Република Словенија дополнително ќе се утврди постапка за измена на членот 3.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Мислам дека законот треба да го прифатиме така како што е предложен, бидејќи тој е основниот пат и начин како треба да работи овој Парламент. Ние не можеме да условуваме една спогодба поготово кога се работи со друга држава, дополнително да им даваме соопштенија како да се однесуваат односно да се прилагодуваат према нас. Ние треба да се однесуваме така како што е во моментот фактичката состојба. Тоа значи да го усвоиме законот како што е предложен, а дали понатаму ќе има измени и дополнувања, тоа е друга работа. Фактичката состојба наложува да го усвоиме законот така како е предложен и тоа за мене е единствено решение.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Мислам дека е многу јасна состојбата и дека нема потреба истата понатаму да се обременува.

Ако се каже дека интерес е на претпријатијата и на стопанствениците платниот промет заради поголема ефикасност и без проблеми, да се одвива преку деловните банки. Ако и самата Влада во оценувањето на тоа каде треба да се одвива платниот промет односно дека треба да се одвива преку деловните банки и она има убедување дека истиот треба да се одвива преку деловните банки. Ако од формално-правен аспект нема уставен основ за понатамошно битисување на СОК во делот на платниот промет и ако овој чин на ратификација значи потврдување на спогодбата сега меѓу двете републики со која фактички треба да отпочне процесот на спроведувањето, како што кажа и колешката Славјанка за да ние повторно не се навраќаме на овој текст кој би го донеле во повторна постапка како измена во истоветен текст како што предлага со амандманот господинот Гештаковски, сметам дека ние треба да ја ратификуваме оваа спогодба со амандманот а да оставиме, бидејќи не е друг интересот на Република Словенија, бидејќи она веќе се изјаснила преку деловните банки да се врши платниот промет, така да тој чин со наша ратификација на спогодбата заедно со амандманот, паралелно тоа да го стори и Република Словенија.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Предлагам амандманот на Гештаковски да се прифати и со тоа да се усвои оваа ратификација.

Сите бивши републики предлагаат платниот промет да се извршува преку деловните банки. Вчера добив текст и од СР Југославија и тие предлагаат тоа да оди преку деловните банки. Едино ние уште настојуваме да остане СОК. Така да Владата го има и овој предлог на СР Југославија па како што реков и таму се предлага да се оди преку деловните банки. Така да сметам и ние така да го усвоиме а Словенците сигурно тоа ќе го прифатат и ќе биде ратификуван овој договор.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

На дневен ред е ратификација на постигнатата спогодба односно потврдување на спогодбата. Немаме право да вршиме измени и дополнувања. Со тоа јас сметам дека треба да се изврши ратификација. Преку оваа ратификација владите си постигнале одредена конкретна спогодба сеуште платниот промет активно е евидентиран кај СОК а во понатамошна постапка може да се прави измена на спогодбата. Меѓутоа оваа ратификација е потврда во оној текст кој е постигнат помеѓу владите, а во понатамошното работење од чисто практични причини може да се менува и таа спогодба дополнително да се одобрува. Овде или се одобрува или не се одобрува. Јас мислам дека овде и субјективитетот на државата го манифестираме. Амандмани тука не треба, ова е спогодба постигната, усогласена и ние ќе ја прифатиме во текстот како што е постигната или нема да ја прифатиме. Со тоа сметам дека СОК сеуште постои, може да го извршува прометот. До колку се укине СОк ќе се регулира натаму преку која банка ќе се врши прометот.

Друго,претставникот на Владата кажа дека нашите банки со седиште во Македонија не се заинтересирани овој промет да го извршуваат и времено со оваа спогодба не е спротивно да го извршува и СОК. Во прилог на оваа спогодба за ратификација имаме пет комисии. Тоа се Комисија за финансии и буџет која ја поддржува Ратификацијата, Комисија за стопанство која исто така ја поддржува иако сега спротивно тука дискутираат двајцата претседатели, ЗПК вели е уставна и е во смисла на Уставот и Законот, мислам нема реакција. Исто така Комисијата за надворешна политика ја поддржува и сметам овој новиот момент во рамки на Словенија што тие субјекти не се информирани точно за оваа спогодба, сметаат ако е кај нив банка кај нас може друг субјект. Словенечката држава правилно да си ги информира нејзините субјекти во прометот со Македонија да бидат насочени спрема СОК.

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам да укажам дека оваа спогодба е постигната меѓу две влади. Собранието може да ја ратифицира, може да не ја ратифицира. Јас најбезболното го предлагам а тоа е ние да ја ратифицираме на начин како овозможува оваа спогодба да се усогласи со нашиот систем што го градиме. Само тоа беше мојата интервенција. Инаку во законите со кои е регулирана функцијата на СОК, дури и со оние закони што ги преземавме од бившата СФРЈ, во меѓународниот платен промет нема функции СОК. Тоа е наша државна организација и не може да има функции ни по старите закони ни по Уставот, во меѓународниот платен промет. Затоа ние сега ќе донесеме полош закон. Друго е работа што Владата се спогодила. Не се договорила Владата и соопшти на словенечката страна. Не се договарале за тоа. Словенечката страна барала друго, нашите соопштиле друго. Ние сега ако го ратификуваме вака текстот ќе донесеме полош закон отколку што биле порано законите, поголема ингеренција на државен орган отколку што порано биле, а градиме еден сосема друг систем и во Уставот стои како треба да биде. Тоа е моето укажување. Инаку ако мислите дека тоа што Владата ќе ни го понуди, односно донесе се треба да усвоиме, може и така.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Уште вчера кога стана збор за оваа тема јас во себе си го оправдував претседателот на Собранието Стојан Андов. Јас и во оваа прилика го оправдувам и ја прифаќам неговата дискусија и стојам зад тоа дека навистина треба да се постапи така како што предложи претседателот.

Мене ме чуди една работа. Зошто ние да  лекуваме работи кога можеме да ги спречиме. Ако Владата како компетентна не знаела дека СОК ја губи функцијата во овој систем нов што треба да го градиме,

тогаш јас незнам кој требаше друг да ни каже и оние други помошни тела и комисии кои постојат во Собранието. Затоа не треба да навлегуваме од една грешка во друга. Потполно се согласувам уште на оваа седница да го сториме тоа ние со амандманот што Гештаковски го постави. Таа спогодба на крајот на краиштата не е библија па неможе да се менува. На крајот на краиштата постојат и контакти меѓу тие две влади па можеме тоа лесно да го усогласиме. Затоа во целост го прифаќам предлогот на господинот Стојан Андов.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Бидејки Владати не ги спори забелешките околу тоа дали треба да биде службата на општественото книговодство, или банките сметам дека нема некаква пречка да се ратификува оваа спогодба со измената, која со амандман ја предложи Гештаковски, а Собранието на Република Словенија да се изјасни да изврши измена, наместо СОК да стои  банките.  Мислам дека нема никаква пречка да се усвои со ваков текст. Или пак да се одложи, како што господинот Георгиев предложи за една недела и да се воспостават контакти со цел да се види што и на кој начин да се направи. Инаку,  мое длабоко уверување е дека нема никаква причина за одлагање, може да се ратификува спогодбата со измената која предложи господинот Гештаковски а Собранието на Република Словенија да се извести дека е извршена ваква измена. Впрочем, тие и барале да бидат банките, а не службата на општествено книговодство, инсиситуција која со уставот не постои. Не може да се врши платен промет во меѓународниот платен промет преку финансиска инспекција, Мислам дека нема потреба да губиме време овде да се прифати вака предложената спогодба со измената.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Бошков бараше збор.  Тој не е присутен овде по оваа точка, но некои работи нека објасни со оглед дека е генерален директор на службата за општествено книговодство.

ИЛИЈА БОШКОВ :

Почитуван претседател, почитувани пратеници. Бидејќи добар дел од овие работи за кои расправате ни се познати, на некој начин сум учесник, дозволете ми за неколку работи да ве информирам.

Сосема е во право претседателот кога напоменува дека платниот промет меѓународен го обавуваат банките и Меѓуродаднта банка, дека платниот промет во државата со домиционата валута која ја има го обавува неутрална институција, во овој случај службата на општествното книговодство па Македонија, како она понатаму ќе се

трансформира ќе видиме. Во времето на склучувањето на спогодбата со Словенија немаше расположение кај банките во нашата Република да ги прифатат нерезидентните сметки.

Второ, во Владата имаше размислување доколку се допушти, бидејќи сеуште ние не бевме конституирани до крај, Словенија си беше конституирана како Република, беше меѓународно призната, беше со основи на и Владини институции, и стопанскиот и правниот систем дека би требало да овозможиме некој степен на поголема заштита од упади на платниот промет преку нерезиндентните сметики. Кога се размислуваше како тоа да се направи се дојде до сознание дека тоа  треба да биде во службата на општествено книговодство. Нерезидентните сметки ние ги прифативме нерадо, и денес ги прифаќаме нерадо и сметаме дека е тоа работа на банките и на Народната банка бидејќи овозможуваат меѓународен платен промет. Две држави сме ние во меѓународни односи и тоа таму треба да оди.

Меѓутоа, јас не би можел да се согласам со некои искажувања кои вчера беа искажани во Парламентот, па и во денешната расправа се искажа дека службата е укината по Уставот на Република Македонија. Службата не е укината,  Службата постои и постои врз основа на Уставниот закон за спроведување на Уставот во кој е речено додека не се донесат Републички закони се прифаќаат и се применуваат соодветните сојузни закони. На основа на Сојузниот и Републичкиот закон ние денес работиме. Вака како вие ја напаѓате и ја прогласувате дека е укината сметајте дека си правиме многу лоша услуга дека веќе нашата инспекција не се прифаќа кај стопанските субјекти посебно затоа што се најавија некои финансиски полиции во рамките на министерството за внатрешни работи, се најавија финансиски полиции во рамките во министерството за финансии итн. итн. Се додека не се изгради соодветен систем и тој не се верифицира од страна на Парламентот дозволете да се спроведува Уставниот закон кој е донесен врз основа на Уставот.

Многу државни институции, или недржавни во Уставот не се апострофирани. Апострофирани се неколку. Апострофирана е Народната банка, апострофирано е судството, апострофирана е адвокатурата и уште една служба. Се она од оној член во Уставот во кој е речено дека со посебни закони ќе се уреди како тие работи ќе се одвиваат овде .Што се однесува до ова прашање незнам господине претседателе дали имам право да си кажам свое мислење овде.

СТОЈАН АНДОВ:

Па, вие не сте претставник овде по овој закон.

ИЛИЈА БОШКОВ:

Затоа прашувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Ви дадов збор и ако имате стручно нешто да објасните, објасните. Стручно рековте дека тоа припаѓа на банките.

ИЛИЈА БОШКОВ:

Да.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, тоа е.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Јас вчера не сакав да реплицирам на изјавата дека деловните банки во Македонија не сакале да го прифатат платниот промет. За тоа јас одговорно тврдам дека е неточно. Тоа не е точно, апсолутно,  деловните банки го прифаќаат платниот промет и ќе го обавуваат. Тоа е нивна работа. Со странство тие и досега го обавуваат платниот промет, па и другиот ќе обавуваат. Според тоа оваа изјава овде , да не се манипулира со тоа, вчера и Жута тука зборуваше дека консултирал...

Тоа нема, ама баш никаква врска со таа работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Меѓународниот платен промет е регулиран со закони никој нема право да го одбива, ни банка ни некој друг, затоа што има санкции за таа работа. Они имаат овластување, мало големо овластување. Тоа е аргумент кој воопшто не стои.

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:

Почитувани пратеници, ратификација на договор помеѓу две држави е една работа, а кој ќе го врши платниот промет во нашата Република е друга работа. Затоа ако ние се договориме платниот промет да го вршат деловните банки тоа не е никаков проблем за оваа ратификација. Јас предлагам веднаш да се прифати кај нас да сто деловни банки, што е нормано.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници. Имам впечаток дека влеговме во материјална расправа кој да го врши платниот промет меѓу државите. Непосреден повод е самата спогодба. Ова Собрание треба да ратификува соодветна спогодба постигната меѓу две држави. Ме изненадува господинот Гештаковски како правник да поднесува амандман на спогодба. Амандман единствено може да се поднесе на закон не може на спогодба. Постигната е спогодба и таа спогодба се прифаќа овде, од таков текст како што е постигната, или не се прифаќа. Ако не се прифаќа во таков текст, анекс не се прифаќа и се предлага соодветна измена, ново договарање и откако ќе се усогласат ставовите таа спогодба се постигнува. Не можеме ние нови ставови да внесуваме бидејќи ја немаме таа функција како Собрание, без разлика во кој правец се водат расправите. Дали СОК ќе постои или нема да постои со закон ќе се регулира. Општо е прифатено дека банките таа функција треба да ја вршат, меѓутоа ние во фазата на ратификација ја прифаќаме спогодбата или не ја прифаќаме.

Според тоа моја оцена е или да се прифати спогодбата таква таква што е или да се покрене постапка за измена, или таа да не се прифати, а во меѓувреме да се изврши измена на спогодбата и да дојде за ратификација, бидејќи единствено е прифатливо банките да бидат носители на меѓудржавниот договор воопшто.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Поповски треба да внимава, ве молам, работата е во тоа што Собранието треба да донесе закон за ратификација кој не е во согласност со нашите закони што ја регулираат службата за општествено книговодство и меѓународниот платен промет. На народот му даваме мислење да има дека се работи за внатрешен платен промет и јас затоа инсистирам толку упорно. Со Словенија немаме внатрешен промет не е ова Југославија, внимавајте за што станува збор.

Меѓународниот платен промет со сите закони на оваа наша Република е отстапен само на деловните банки и внимавајте што заклучок ќе донесеме.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувани пратеници, во својата дискусија сакав да кажам дека проблемот е формален правен однос, не е материјална расправа. Кој да го води платниот промет. Битно е тоа прашање. Тоа е регулирано во спогодбата. Ние со Устав неможеме да менуваме спогодба. Ние спогодбата ја прифаќаме или не ја прифаќаме. Бидејќи има материјална повреда во таа спогодба што претседателот вели таа спогодба на оваа седница неможе да се прифати бидејќи е во спротивност со нашиот устав со кој се вели банките меѓународниот платен промет да го остваруваат.

Според тоа, додека спогодбата не се измени неможе да ја ратификуваа оваа спогодба, ако цениме дека е тоа материјална повреда на уставот. Од формално правен аспект ги оценувам работите,не дали СОКили банките, туку дали можеме да ја прифатиме или неможеме да ја прифатиме оваа спогодба.

ЏЕЛАЛ ТАИРИ:

Јас мислам дека би требало да ја прекинема расправата околу ова, со која што претседателот даде предлог да не ја усвоиме бидејќи вчера ја прекинавме оваа седница токму за тоа Владата уште еднаш ја разгледа оваа состојба. Сега не се тука претставниците на Владата, а ние ја водиме расправата така да се вознемирени и вработените во СОК , а оваа ратификација нема врска со тоа. Јас мислам дека тоа што претседателот го предложи треба да го прифатиме и да прекинеме со расправата.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Еве туку што го донесоа мислењето на Владата од сегашнава Седница. Во него вели "Владата на Република Македонија на седницата одржана на 20.V.1991 година повторно го разгледа прашањето во врска со ратификацијата на спогодбата за плаќање меѓу Република Македонија и Република Словенија и Република Босна и Херцеговина и при тоа заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да ги ратификува предлозите на законите за стопанска соработка за плаќање и за размена на стоки меѓу Република Македонија и Република Словенија и Босна и Херцеговина и со оглед на потребите од што поитно нивно донесување.

Истовремено Владата го известува Собранието дека ќе се подготват анекси кон спогодбата за плаќање и стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија и Република Босна и Херцеговина во кои ќе се предложи изменување на членовите во овие спогодби, со кои се уредуваат прашањата за отворање на нерезидентни сметки односно наместо СОК на Македонија ќе се предложи нерезидентните сметки да се отвораат кај деловните банки на РМ."

ТОДОР ПЕТРОВ:

Во врска со предлогот на законот за ратификација на Спогодбата за плаќање меѓу РМ и Република Словенија сакам да го кажам следното.

Ќе излезе многу несериозно пред Парламентот на Република Словенија кој ја ратификувал односно донел закон за ратификација на Спогодба ако нашиот Парламент го одбие законот за ратификација, заради тоа што Владата понудила текст кој што не одговара според одредбите од Уставот на РМ. Меѓутоа, Спогодбата може само со Анекс на Спогодба да се промени. Јас сметам дека би требало заради сериозноста на односот Парламент спрема Парламент да го донесеме законот, кој што не мора веднаш во член 3 да се материјализира, туку веднаш да биде Владата со заклучок задолжена да покрене постапка за потпишување анекс на спогодбата во смисла на поднесениот амандман на Гештаковски.

Да донесеме и работен заклучок Владата да ги извести стопанските субјекти дека иако во Спогодбата е наведено во член 3 став 1 дека платниот промет ќе се одвива според меѓународната банкарска практика во деловните банки. Фактички материјализирањето на член 3 став 1 нема да се спроведе, Меѓутоа, заради дигнитетот на Собранието ние мора во ваков текст да ја потпишеме да ја донесеме, бидејќи и државните органи, Владата на Република Словенија исто така по верификацијата на оваа Спогодба во нивниот Парламент повторно таа спогодба ќе може да ја промени во однос на член 3 став 1 повторно со анекс на оваа Спогодба.

Инаку, во член 13 од оваа спогодба, тоа е што веќе е потпишана помеѓу надлежните ресорни министерства на 25 февруари веќе пишува дека оваа спогодба важи се дотогаш додека една од државите договорни страни, во писмена форма и најмалку 6 месеци.

пред отстапувањето не и соопшти на другата држава, договорна страна дека отстапува од оваа Спогодба. Токму заради достоинството на овој Парламент за да ја легализираме грешката на Владата сметам дека спогодбата треба да ја прифатиме.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитувано пртеседателство, почитувани пратеници.

Јас ќе кажам неколку реченици само од аспект на стопанството. Вие гледате каков дефицит има на стоки и други репроматеријали во нашето стопанство. Доведени сме на раб да престанеме со производство, а ние сега заради една одредба дали ќе се врши исплатата преку СОК или деловните банки не можеме да работиме. Па вие сфаќате дека не може да се работи, нема размена. Нас не не интересира како стопанство каде ќе се врши промена, важно е ние да продолжиме да соработуваме со тие републики бидејќи знаете дека стопанството и нивните и нашите се зависни поради односите што биле во минатото.

ХАМИТ АЛИУ:

Навистина непотребно го одолжуваме овој проблем. Прво и прво Владата знае и сите ние знаеме што е ратификација.

Второ, мислам дека треба да се прифати амандманот од господинот Гештаковски ако сакаме да го прочистиме текстот.

Од друга страна ако смета Владата дека тој текст има недостатоци, исто така има анекс на договор и

Трето, какво општествено книговодство ќе имаме, каква модификација и какви деловни банки тоа е проблем на Влада и наш проблем.

ПЕТАР Г0ШЕВ:

Јас вчера го соопштив моето мислење, но бидејќи и денес се повторува расправата околу оваа работа, сакам уште еднаш да кажам.

Прво, не е ништо несериозно ако Парламентот не ја ратификува спогодбата денес. Несериозно е ако Парламентот ратификува нешто што не е во согласност на Уставот на РМ. Несериозно е ако Парламентот донесува акти кои што се чекор назад од општествено-економскиот и политичкиот модел што го градиме. Тоа би било несериозно од овој Парламент. Како може Парламентот да се залага да ратификува спогодба што не е во согласност со Уставот. Се работи за прашање кое што ни вчера не беше така. Се работи за прашање кое што ние треба да го регулираме и во врска со внатрешниот промет. Овој Парламент треба скоро, и што поскоро, уште вчера да донесеше акти со кои што и внатрешниот промет ќе се обавуваше преку деловните банки.

ПЕТАР ГОШЕВ: (продолжение)

Меѓудржавниот платен промет да го регулираме преку СОК тоа не е сериозно. Владата разговарала, се договорила, другата страна немала против ако вашиот систем е таков и таков, е овој Парламент не донесува такви прописи коишто не се во согласност со овој систем инаугуриран со Уставот што овој Парламент го усвои и ништо од тоа нема трагично. Јас не верувам дека плаќањето со Словенија ќе се сопре бидејќи тоа го нема многу, а Словенците и сега ќе се согласат да се обавува платен промет и на збор меѓу двете влади помеѓу деловните банки. Ако ние не ја ратификуваме оваа спогодба толку месеци или толку време што е проблемот таа да не биде ратификувана уште за една недела за 10 дена или 15 дена, тоа е прашањето.  Колку ќе се загуби ако има некој пресметка, ако ние не ја ратификуваме оваа спогодба. Дали ќе се сопрат некои плаќања меѓу Словенија и Македонија да го чуеме тој аргумент. Но, во секој случај Парламентот нема право да инсистира на никој од нас да донесеме закон што однапред знаеме дека не е во согласност со Уставот на Република Македонија, ние сме врховното тело законодавно во оваа Република и ако ние го прекршуваме Уставот иако ние сме контролата на уставноста и законитоста од тој аспект тогаш што останува за други органи.

АБДУРАХМАН АЛИТИ:

Дел од аргументацијата што имав намера да ја презентирам ја изнесе господинот Гошев  и на тоа немам ништо да одземам или да додадам. Истите дилеми се поставуваат и пред мене затоа што се работи според објаснувањето што го даде генералниот директор на СОК, а се работи за тоа дека Владата тргнала од претпоставка дека се работи за внатрешен платен промет, а не за надворешен платенпромет, а надворешниот платен промет како што слушнавме го вршат

деловните  банки и слушнав дека е и Народната банка. Меѓутоа, тука  сме во една друга дилема. Јас повторувам аргументацијатана господинот Гошев е сосема во ред. Морално се поставува пред мене прашањето што со авторитетот на Владата? Дали таа ќе биде доволно односно дали ќе има доволен кредибилитет за преговори утре со исти или слични партнери и дали мислиме дека со предлогот, мислењето, последното мислење на Владата оваа работа се премостува со тоа што веднаш се отвора постапка за изготвување на анекс спогодба за платниот промет помеѓу двете држави. Инаку, принципиелно во начело воопшто не сме за тоа да усвоиме закон со кој непосредно ги кршиме уставните односно законските одредби што сме ги презеле како републички поранешните републички прописи.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас се извинувам, дали ќе ми дозволите од место сосема накусо да го изнесам своето мислење. Спориме, а ги молам правниците, секретарот и од Законодавно-правната комисија да ни помогнат. Суштината не е спорна, дали можеме ние како Собрание да ја измениме спогодбата што ја потпишале двете влади или можеме да укажеме на недостатоците на Спогодбата и да ги вратиме назад двете влади да ги усогласат. Јас молам во таа насока да ни помогнат правниците.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во прилог на помагање ние имаме организациони форуми, работни тела. Правната ситуација ја утврдува комисијата за законодавство и со следниот текст, инаку секој вика јас правно мислам, ти правно мислиш. Имаме ние помошно правно тело, Законодавно-правна комисија и еве ќе прочитам само една реченица "Комисијата исто така оценува дека има уставен основ за негово донесување, се мисли на ратификацијата, и дека начелото врз кое се заснива предлогот

е во согласност со Уставот и правниот систем". Не што мисли Гошев, што мисли Крстевски, или Алити што е член на Комисијата го двои мислењето. Процедурата е запазена, сите работни тела го поддржуваат почнувајќи од Комисијата за буџет.

Во прилог дека текстот треба да се прифати имаме и словенечка верзија и во словенечкиот текст се вели во член 3 преку "Служба дружбенега книговодства". Тоа е ратификувано во Парламентот во Словенија. Ние како парламент не сме странка во оваа спогодба. Странки се владите, усогласувале и слично.

Друго, во однос на измената кој има тешкотии во прометот тој ќе даде иницијатива. Ние немаме тешкотии во овој промет, имаат Словенците поради неинформираност, таму банка, ваму банка. Друго која финансиска организација ние ќе ја овластиме тој промет да го евидентираат таа ќе го спроведува. Меѓународните закони ако не ги прифатиме тие немаат сила. Може во цел свет ова да го обавуваат банките кај нас може и СОК. Ако ги прифатиме надворешните закони ние немаме суверенитет, значи немаме своја држава. Ние може да го определиме како економски институт или Економски факултет да обавува. Сметам да не го запираме процесот на промет и така сега се наоѓаме во една изолација север-југ, сега исток-запад. Сметам да се ратификува бидејќи ова е прв испит за ратификација во нашиот состав, да не се одалечуваме можеме да го сравниме текстот словенечки и македонски, меѓутоа во понатамошната постапка странките во спогодбата ако имаат интерес нека спроведат постапка за измена, дали со анекс или во друга форма незнам, меѓутоа, треба да се ратификува да не се губи потребно време и сопствените ставови ги ставаме над овие комисии. Сите пет комисии и Владата се на тој став да се ратификуваат, за стопанство вика да се ратификува, сега не треба, сметам исто и Буџет вели сега не треба, исто и претседателот

на Собрание дошол до сознанио имале некои словенечки фирми тешкотии, а нити има спроведено постапка за таква измена. Дали е во писмена форма или не да ни прочита, да ни предложи амандман измена на спогодбата. Има тешкотии нашиот платен промет СОК уште го евидентира и оваа спогодба може без проблеми да се ратификува.

РИСТО ЈОВАНОВ:

Јас ќе кажам само една реченица, приодот на господинот Петар Гошев го прифаќам сосема во реалност, но ако само сите претседатели на надлежните тела на надлежните комисии овде веднаш поднесат оставка. Еве зошто. Дали само тие што работат како претседатели што им е коефициентот 3,70 или за еден месец овие закони што се вртат во Собранието заземаа еден став а овдека сега сосема поинаку се изнесуваат. Затоа претседателите на сите надлежни комисии веднаш да си поднесат оставка или да не мислат едно овде во салата, а друго по комисиите.

Овде мене ми усиаѓа уште проблематично, ако беше оваа ратификација со Србија како да ќе имавме подруги погледи, а дали ние овој платен промет ќе го вршиме преку деловни банки или преку СОК, зар затоа треба сега да губиме 3 саати. Ве молам, уште еднаш сите претседатели на надлежните комисии добро да размислат а најкоректно би било да поднесат оставка.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Веше потенцирано повеќе пати што заклучиле комисиите и се повикавме на комисиите какви ставови зазеле и какви заклучоци зазеле и тоа е точно 4,5 комисии ја пропуштиле спогодбата таква каква што беше предложена, но точно е и следното дека вчера, завчера или било кога многу пак други заклучоци на комисиите не се усвоени од овој Парламент. Значи сосема спротивно како што заклучуваат комисиите. Респектирањето на мислењето на комисиите

е на најниско ниво од страна на Парламентот. За тоа не е потврда само оваа спогодба, туку потврда засите други заклучувања на овој Парламент. Тоа е една работа што сакав да кажам, пропустот е направен, е и во комисиите во коишто учествуваме сите секој подеднакво во различна комисија и со различна специјалност. Меѓутоа, проблемот е и во нешто друго што ние се согласуваме на дневен ред на Парламентот да се стават 50 точки со преку 500 и 1000 страници материјал кој што пратениците едноставно не се во можност да ги прочитаат и затоа настануваат вакви пропусти. Тоа е главниот проблем зошто се провлекуваат сериозни грешки во работата и на комисиите и во работата на Парламентот. Вие знаете колку точки на дневниот ред беа доставени после закажаната седница се со знакот "итно", скратена постапка или слично. Затоа настануваат вакви проблеми.

БЕКИР ЖУТА:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Ние очигледно дојдовме во една ситуација која може од било кој аспект да и се пријде секој ќе најде своја аргументација во прилог на тезата и својот пристап, но ве молам да водите сметка за еден момент.

Прво, процесот на договарањето со другата страна во конкретниот случај со Словенија и со Босна не е завршен со Хрватска и покрај инсистирањата да отпочнат преговорите со претставниците на Владата на Република Србија, сеуште тој се движи на ниво на надлежни министерства, но никако да се прецизираат тие договорни односи. Документите кои што се предмет на ратификација да ве потсетам дека и словенечките после 3 и нешто месеци се склучија мегу двете влади и тие претставуваат документи кои ги прифатија во истоветен текст и едната и другата страна, па допуштите да се изврши верификација со заклучок на Собрание да се отвори

постапка со аспект на спогодби за интервенција во оваа смисла во која се бараат. Немојте да сметате дека другата страна нас не чека да и сигнализираме за пет или за 10 дена дека ќе седне и ќе постапи по нашето барање. Водете сметка да не ги нарушуваме односите за кои се мачевме со претставниците на другите републики да ги договориме прво еден минимум односите во стопанството да бидат респектирани и да има на некој начин проток на стоки и луѓе. Компетенција на Собрание е да но во еден контекст кој произлегува од фактот дека тие договори се потпишани од другата страна во овој текст ние не можеме на другата страна да и го менуваме текстот туку можеме да го верифицираме тој  текст истоветен како што и другата страна го има прифатено и верифицирано, оти се верифицирани од другата страна, а да пристапиме кон анекс на тие спогодби и на другата страна да и предложиме решение кое ова Собрание го бара на начин на кој што бара и да биде прифатено тоа, но дотогаш да течат работите со стопанствениците на еден уреден план. Само овој би бил патот, другото дали е компетентно или не е компетентно Собранието никој не го оспорува, меѓутоа се работи за врзани акти и ве молам имајте го ова во вид, немојте додатни проблеми да создаваме за стопанството. Во една постапка работите да одат со анекс, а денеска Собранието да го направи тоа што треба да го направи.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека како многу пати досега Владата повторно не става пред еден свршен чин и доаѓаме во една апсурдна состојба, сопствената Влада да не тера да носиме акти кои што се против уставни и против законски. Ако нашето внатрешно право забранува

платниот промет со надвор да се врши преку оваа служба. Навистина не знам од каде легитимитет на Собрание да се донесе таков за.На страна потребата за договарање со другите републики и на страна напорите што Владата ги направила да дојде до вакваспогодба што е заклучена на 25 февруари 1992 година меѓутоа треба да знаеме дека оваа спогодба ако го погледнете членот 11, 12, 13 ќе видите дека утврдил и постапка во која страните се должни меѓусебно да се информираат за важноста на оваа спогодба во согласност со внатрешните прописи на секоја држава поединечно. Ние во овој/ случај навистина како Парламент сме ставени пред свршен чин како да донесеме одлука односно закон во овој случај за ратификација на спогодба со кое ќе го прекршиме внатрешното законодавство.

Тоа е едно, и второ, точно е мислењето на Владата дека ако прифатиме спогодба било која нејзината измена може да биде како анекс и тука господинот Киро Поповски во однос на можноста овој Парламент да влијае на содржината на спогодбата е во право. Меѓутоа, да погледнете во оваа спогодба во членот 13 односно 14 е предвидено ако отстапуваме од Спогодбата во овој случај сме согласни дека треба да отстапиме во корист на платниот промет да се врши преку банките, најмалку 6 месеци пред таквиот чин треба да ја обавестиме спротивната страна. Значи ние сме доведени во еден апсурд односно Владата не доведе до еден апсурд во кој треба свесно да го прекршиме сопственото законодавство за да оствариме нешто што ни е приоритет а тоа е платниот промет да се одвива во овој случај со Република Словенија. Нема излез, ние практично треба да ја поттикнеме Владата да ја усогласи оваа спогодба со другиот партнер.

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:

Очигледно е дека Владата овде има направено грешка и дали свесно или несвесно бара одредено покритие. Во времето кога е потпишувана оваа спогодба Владата сигурно знаела односно знаеше дека Република Словенија и Република Македонија се две посебни држави. Во Република Словенија има едно платежно средство, во Македонија има друго платежно средство дека станува збор за спогодба која на одреден начин регулира меѓународен платен промет, а не внатрешен промет. Според тоа, мислам дека овој Парламент нема никакво право да донесува да ратификува односно да донесува закон за ратификација на Спогодби кои во својата содржина има спротивни на Уставот одредби кои ја регулираат оваа материја. Малку како Парламент треба да се замислиме и на тоа дека Уставниот суд почна да прогласува за неуставни одредени одлуки на овој Парламент односно на Владата. И според тоа вие знаете дека со Законот за привремено овластување на Владата направивме една да речам уставна грешка за што Уставниот суд ќе ни каже дека е против уставно. За електричната енергија што беше оној додаток го прогласи како неуставен и неможеме ние како највисоко законодавно тело кое треба да врши контрола на уставноста и законитоста да донесуваме овде акти кои се противуставни.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ: (Продолжение)

Не можеме ние да донесуваме протиуставни акти. Со тоа всушност ја негираме работата на овој Парламент. Го рушиме и авторитетот. Нема никаква пречка, до колку не може сега да се ратификува, а веројатно не, бидејќи треба повторно да се дого-вори и измени текстот на спогодбата, каде е СОК да биде банките и за 10 или 15 дена или една недела повторно да дојде на дневен ред на овој Парламент и да се донесе закон заратификација онака како што е во согласност со Уставот и законите на оваа Република, Словенија нема да има против. Многу им е гајле дали ќе бидат банки или СОК и мислите дека ќе направат пречка околу тоа. За тоа нема причина. Да ја прекинеме расправата и да ја задолжиме Владата да изврши усогласување.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Јас се изјаснив по ратификацијата. Меѓутоа, сакам да обрнам внимание на потпретседателот на Владата, бидејќи веќе неколку пати од оваа говорница држи предавање на овој Парламент и сугерира што овој Парламент да работи. Ви било добро да свати тој како потпретседател, да предлага на овој Парламент, закони што се во согласност со Уставот на Македонија. Се она што го предлага вон Уставот ниту има право, ниту потреба да поднесе отчет за таа работа.

Инаку, Парламентот да води сметка за ова, да води сметка за она, сите овие работи важат за нив, да водат сметка за уставот и да предлагаат закони во согласност со Уставот и со потребите на оваа држава. И вчера слушавме и денеска да води

сметка Парламентот. Еладата е должна, кога договара, да го знае Уставот и во рамките на тој Устав да предлагаат договори,. спогодби и закони. Парламентот донесе закон за девизното штедење после 15 дена предлагаат нов закон после ќе предложат нов закон се во некое брзање, во некој пакет и тн. Затоа сметам да не ја прифатиме спогодбата, а Владата да донесе уставна спогодба, па потоа тука да се ратификува.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господин Ѓорчевски.

БОРКО ЃОРЧЕСКИ:

Вчера се договоривме по една точка да излегуваме по еднаш. Овде се повторуваме по 3-4 пати. Претходниот дискутант, како што забележав излезе 3 пат. Упорно се врши сугестија да се прифати нешто што дали ќе одговара или не, јас не сум толку економист ниту правник, но ми се чини дека треба да прекинеме со оваа расправија и да го пуштиме на слобода ова стопанство да работи. А, како?

Претставниците на Владата се изјаснија јасно, да се прифати нивниот предлог и да им се дозволи со анекс да се изврши измена, така што да го пуштиме стопанството да работи а не ние да инсистираме упорно за ова или она, вакви или такви закони да се донесат, а да го кочиме стопанството.

Затоа, предлагам да прекинеме со расправа, да го прифатиме предлогот на Владата, да и дадеме отворени раце, со анекс да донесе измена според Уставот. А, ако продолжиме вака, сето е на штета на стопанството.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

За збор се јави господин Стефковски;

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Јас ќе бидам краток.

Додека бев пратеник, делегат во Соборот на општините, бев член на ЗПК, тогаш усвоивме стотици  закони со кои се ратификуваа спогодби. Во ниту една спогодба ниту запирка не смееше да се смени. Тоа се односи меѓу држави, меѓу Влади. Ние овде правиме експерименти и докажуваме нешто што не може да се докаже и застапуваме таква теза.

Од тука, сметам дека треба да се усвои законот таков каков што е предложен и да го надминеме овој проблем, што за мене воопшто не е проблем.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор министерот Тошевски.

МЕТОДИЈА  ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас сум малку хендикепиран бидејќи не ја следев целата расправа по оваа точка, можеби некои аспекти не слушанв. Од она што на Владата е расправано и она што сега слушнав, мислам дека е потребно да се дадат следниве додатни објаснувања.

Парламентот може и да не ја ратификува спогодбата.Тоа е негово право на слободна оценка и на содржината и на континуитетот.   Меѓутоа, Владат не направила грешка  кога  во одреден член на

таа спогодба стави СОК а не банките. Влапата тоа го направи со намера, заради следното. Од формално-правна, уставна и друга страна СОК иако номинирана како уставна категорија, таа работи и додека не се трансформира таа е овластена да го обавува платниот промет во домашна валута. Значи, да го обавува платниот промет во домашна валута.

Во членот 2 од Спогодбата, како што забележувате, наведени се 3 основни начини на плаќање: во конвертибилна валута што подразбира во сите форми на меѓубанкарско работење и практика, тоа е наведено во истиот став, во последниот дел; второ, во домицилна валута, тоа значи во валута на Република Словенија и Република Македонија и трето преку клириншка сметка.

Бидејќи платниот промет во домицилна валута во моментот на подготовка на потпишување на Спогодбата, се обавува во СОК, бидејќи тоа беше прв прекин на нормалните текови на економската размена со Словенија и со другите со кои се очекуваше, за да може да се воспостави целосна контрола на прометот и на плаќањето што во тие насоки требаше да се врши, Владата ценеше дека е во таа фаза најдобро, заради увидот во состојбите на обврските и побарувањата со промената што настапи нагло и без подготовка, треба да биде СОК и неа ја стави.

Веќе во следните спогодби што сега ги подготвуваме се еволуира и од тој момент, паралелно со развојот на идејата дали платниот промет ќе се сели и во банките и во посебна служба за платен промет како што се предвидува или ќе остане на едно или на двете места и тоа ќе си добие свој тек, зависно од трансформацијата на СОК, бидејќи при трансформацијата и правата и обврските затечени на одредена состојба се пренесуваат на новиот правен

следбеник.

Овде, ставот на Владата го изнесе колегата Трајановски, за тоа сум изестен. Собранието нека:: проценк ако смета дека треба да биде ратификувана Спогодбата ради содржината во целиот дел на Спогодбата, не заради овој основ што произлегува од СОК, нека  донесе таков заклучок.

Под претпоставка дека ќе го донесе Законот за ратификација, заклучокот што од расправата го изведува Собранието дека има потреба за покренување на постапка за измена на Спогодбата, Владата ќе постапи по тој заклучок и, бидејќи сепак се работи за двостран акт, не е еднострaн акт, тој текст е усогласен, потпишан од овластени претставници на Владата, ратификуван во Собранието на Словенија, ние можеме, согласно со таа Спогодба, да покренеме постапка за нејзина измена, а разговараме, да договараме и поново со изменети решенија да дојдеме на ратификација во Собраниево. На таа постапка јас помалку можам да укажам отколку оние што се занимаваат со право и со меѓународни договори. Но, беше расправано и за тој аспект и затао го изнесувам.

Затоа, молам во името на Владата, Собранието да се определи дали ќе го ратификува законот или не, а забелешката која се однесува на членот 3, во врска со СОК, Владата прифаќа со покренување на постапка за измена на Спогодбата да го уреди и тоа прашање.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

За збор се јави господин Николовски.

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Само да изразам едно несогласување со министерот за финансии.

Овде се работи за два валутни монетарни системи. Едниот е толар, другиот е денар. Мора да правиме суштинска разлика. Луѓето што се залагаат за ова овде практично го имаат и тој елемент во предвид. Овде не се работи за наследена категорија што ние сега сакаме да ставиме функција на СОК, тоа го усогласуваме, да поприма карактер на монетарна функција. Ке извинете, а тоа е неспоиво.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Министерот Тошевски побара збор.

МЕТОДИЈА  ТОШЕВСКИ:

Можеби е значајно да го дообјаснам и ова, иако по втор пат се јавувам, меѓутоа го испуштив тој момент.

Зошто велиме плаќаме во домашна валута? Инорезидентската сметка има функција претпријатие од Македонија кое извезува во Словенија отвора сметка во банки, во СОК или во институција што според Спогодбата е предвидена. Од приливите што ги остварува во Словенија на територијата на Словенија, значи во домашна валута на државата во која се обавува платниот промет, се врши плаќање не во странска валута, не во пресметковна валута. Поради тоа е специфичноста на утврдувањето на СОК во Македонија, бидејќи претпријатијата од Словенија кој извезуваат во Македонија отвораат

инорезидентски сметки во Службата на СОК. Од нив плаќаат и исклучиво на територијата на Република Македопнија, не и во другите, со денарска валута обврски и други за разни намени предвидени по Спогодбата.

Мешањето на монетарни и други аспекти во СОК од аспект на оваа Спогодба нема значење и нити ги образложуваме ние. Во таа смисла нема пречки да биде СОК.

Аспектот на меѓународнаста размена се обезбедува преку документацијата што се формира за размената, преку царинската документација. Таа влегува во инфоматичката основа за размената со странство.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали може да констатирам дека никој друг не се јавува за збор. (Може)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (39)

Дали има некој против? (18)

Дали има  воздржани? (10)

(Се слушаат коментари дека нема кворум за работа)

Вкупно гласале 67 пратеници што значи има кворум за работа.

Бидејќи за предлогот на законот гласаа само 39 пратеници констатирам дека законот не го доби потребното мнозинство.

Збор побара господинот Котевски.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Јас се извинувам, меѓутоа, се сомневам во ова гласање затоа што многу пратеници во меѓувреме излегоа надвор, некои повторно влегоа.

Барам да се изврши поединечно гласање, затоа што дојде до една таква конфузија, па да не се фрли сенка барам поединечно да се изјасниме.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

/

Предлогот е легитимен и ако го поддржат 10 пратеници нема причини да не гласаме поединечно.

Бидејќи предлогот е прифатен молам да се пристапи кон поединечно гласање.

Го молам секретарот на Собранието да го изврши чинот на гласањето.

(Пратеникот Драги Арсов побара да се причека со гласањето и да се повикаат пратениците бидејќи се наоѓаат надвор од салата)

Ве молам, како да ги повикуваме кога никој не даде пауза.

ДРАГИ АРСОВ:

Задолжете ги службите да ги повикаат пратениците.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

На пратениците местото им е во салата, а не во ресторантот. Според тоа, треба да седат овде.

Молам, секретарот нека почне со гласањето.

МИЛОВАН ШИКОВСКИ: .IV/1. JM/C:

1. ФАИК АБДИ - не е присутен
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА – за
3. ХАМИД АЛИУ - воздржан
4. ЕШРЕФ АЛИЗИ - за
5. СТОЈАН АНДОВ – против
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - не е присутен
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за
8. ТИМЕ АНДОНОВ - против
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ - не е присутен
10. ДУШКО АРСОВСКИ - не е присутен
11. ДРАГИ АРСОВ - за
12. БРАНКО АРСОВСКИ - воздржан
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - за
14. ЈОРДАН БОШКОВ - за
15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ - против
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - против
18. ПЕТАР ГОШЕВ - против
19. ТУШЕ ГОШЕВ - не е присутен
20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - не е присутен
21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - за
22. САНДЕ ДАВЧЕВ - не е присутен
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - не е присутен
24. ТОДОР ДИМОВ - против
25. ДОСТА ДИМОВСКА - за
26. РАТКА ДИМИТРОВА - не е присутна
27. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ - против
28. БОРКО ЃОРЧЕСКИ - за
29. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ - не е присутен
30. ЗУДИ ЕМИНИ- за
31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ - против
32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - за

33. НАСЕР ЗИБЕРИ - воздржан 

34. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - не е присутен
35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ _ не е присутен
36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - за
37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ - не е присутен
38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ - не е присутен
39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - воздржан
40. ИВАН ИВАНОВ - не е присутен
41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ - за
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ - за
43. РИСТО ЈОВАНОВ - за
44. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА -не е присутна
45. РИСТО КЕЛЕШОВ - против
46. ТАШКО КИРОВ - за
47. ЗОРАН КИТЕВ - за
48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - за
49. ГОРГИ КОТЕВСКИ- за
50. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - против
51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ- против
52. НИКОЛА КРСТЕСКИ - за
53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА - за
54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - за
55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - не е присутен
56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ - против
57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - за
58. ЕФТИМ МАНЕВ - за
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ - не е присутен
60. ПАНЧО МИНОВ - против
61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ - не е присутен
62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКН -воздржан
63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - за
64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ - не е присутен
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - не е присутен
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ - не е присутен
66. НАИФ МУСТАФА - не е присутен
67. СИМОН НАУМОВСКИ - воздржан
68. ПАНЧЕ НАСЕВ - не е присутен
69. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - не е присутен

71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - за
72. ДУШАН КИКОЛОВСКИ - против
73. JОВАН НИКОЛОВ - не е присутен
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - против
75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - за
76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е присутен
77. ТИТО ПЕТКОВСКИ - против
78. ТОДОР ПЕТРОВ - за
79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - воздржан
80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е присутен
81. КИРО ПОПОВСКИ - за
82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - не е присутен
83. ШАБАН ПРЕВАЛА - за
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ - за
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - за
86. НЕИМ САЛМАНИ - не е присутен
87. ФЕРИД САДИКУ - за
88. АСЛАН СЕЛМАНИ - за
89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - не е присутен
90. АЦО СПИРОСКИ - не е присутен
91. РИСТО СТАНКОВСКИ - воздржан
92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - воздржан
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА -против
94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - не е присутен
95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - за
96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - за
97. РИСТО СТАМЕНОВ - против
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е присутен
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - не е присутен
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - за
101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - за
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ - за
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ- против
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - не е присутен
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - за

ПН 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - не е присутен

108. АГИМ ФАЗЛИУ - не е присутен IV/4.-
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - против
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е присутен
112. СЕФЕДИН ХАРУНИ - за
113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ - за
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - не е присутен
115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ - против
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - за
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - против
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - против
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - за
120. ХИСНИ ШАКИРИ - за

СТОЈАН АНДОВ:

Четириесет и седум пратеници гласале "за", дваесет и три "против" и девет "воздржани".

Констатирам дека овој закон е усвоен и усвоен е и Заклучокот што е со законот предложен.

Предлагам да појдеме на пауза, бидејќи имаат една средба пратениците албанци со министерот за надворешни работи.

Предлагам пауза од 1 час.

Ќе продолжиме со работа во 13,00 часот.

(По паузата)

СТОЈАН АНДОВ:

Претседателот на Комисијата за финансирање и буџет би

молел да закаже на една од паузите сдница на Комисијата за да се разгледаат амандманите што ги достави Владата на законот по точка 33 Предлог на закон за преземање на обврска за обезбедување на денарски средства за исплати по основ на депонираните девизни

пн -сл

влогови на граѓаните  од страна на Република Макадонија.

ШАБАН ПРЕВАЛА;

Сакав и Комисијата  за економска политика и развој да се произнесе по амандманите на Владата во врска со девизните штедни влогови, затоа што навистина станува збор за еден доста суптилен проблем, интересен и со амандманите што се предлагаат се менуваат состојбите за 180%. Во таа смисла сакам да кажам сите комисии што расправале во врска со превземањето на обврските по основ на девизните штедни влогови да расправаат во меѓувреме и да се произнесеме.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа не е пречка и другите да расправаат,но оваа е матична комисија.

Минуваме на точката 18.

Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, Законодавно-правната комисија и Комисијата за стопанство ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на закон.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Преллогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? ( 1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на ова седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за,молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласаше?(еден пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија.

Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година врз основа на стоковните листи меѓу Република Македонија и Република Словенија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за надворешно-политички. пра-шања и односи со странство, Комисијата за стоапнство и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година врз основа на стоковните листи меѓу Република Маке-донија и Република Словенија.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака ? (пратениците креваат рака)
Дали има некој против?(Нема).
Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).
Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година врз основа на стоковните листи меѓу Република Македонија и Република Словенија.

Минуваме на точка 2 0 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за воспоставување на дипломатски односи меѓу државите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство и ЗПК, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон .

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за воспоставување на дипломатски односи меѓу државите.

Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, да крене рака? (пратениците круваат рака) ;

Дали има некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за воспоставување на дипломатски односи меѓу државите.

Дозволете ми да обрнам внимание дека ова е прв ваков закон со кој е ратификувана спогодбата за воспоставување на дипломатски односи на македонската држава со една друга странска држава.

Оттаму на сите граѓани на Република Македонија и на пратениците овој акт им го честитам како еден среќен почеток и се разбира ја изразувам и Вашата желба наскоро да се намножат такви акти. (аплауз).

Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за укинување на визите со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, ЗПК и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана Ви се доставени , односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за укинување на визите.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.
Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака?(пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за укинување на визите.

Повторно дозволете ми овде да истакна дека во овој прв законски акт со кој се ратификува Спогодбата за укинување на визите со една странска земја. Сакам да искажам уверување на целиот свет и на нашите соседи дека ова е добар знак како ќе се поставува Македонија и колку ќе биде отворена држава, дека Македонија ќе биде добар сосед и добар пријател на секого кој ќе пружи рака на соработка и дека ќе биде отворена земја за патување , допатувања овде, дека нејзините граници не се граници на одвојување, туку граници на пропуст и спојување со сите во светот. (аплауз).

Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, ЗПК и Комисијата за стопанство Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

СТОЈАН АНДОВ- (продолжение)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои слениот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка мегу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина.

Кој е за молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа сендица да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? ( мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа сендица да се претресе и Предлогот на закон

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закок.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам Предлогот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е *за* молам да крене рака?(мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за

ратификација на спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина.

Минуваме на 23-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година врз основа на стоковните листи меѓу Република Македонија и Република Босна и Херцеговина со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на Законот и извештаите на Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство, Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Видејки никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот на закон за ратифи-кација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година, врз оснвоа на стоковите листи меѓу Република Македонија Република Босна и Херцеговина.

Кој е за молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува  Прелогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за нека крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бар азбор? (никој)

Бидјеки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.
Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (мнозинството пратеници)
Дали има некој против? /нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (нема)
Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година врз основа на стоковите листи мегу Република Македонија и Репбулика Босна и Херцеговина.

Минуваме на точката 24 - Предлог за донесување на закон за издавање на обврзници во Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваењ на закон, со Предлогот на законот, извештаите на Комисиајта за финансирање и буџет и

и ЗПК ви се доставени, односно поделени,

Отворам претрес по Предлогот за донесурање на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам, претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донеување на закон за издавање оврзници на Република Македонија.

Кој е за молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? /нема) Дали некој се воздржвуа од гласање? (нема)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница

да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (мнозинството пратеници

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа сеница

да се пртресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на членовите 2 и 4 и за додавање нов член 4 -а со кој се согласил претставникот на предла-гачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за издавање обврзници на Република Македонија.

Минуваме на точката 25-та - Предлог за донесување на закон за изменување на Законто за воведување обврска за плакање при патување во странство, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот, извештаите на Комсијата за финансирање и буџет, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со стрнаство и ЗПК, како и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Дозволете да ве известам дека Комисиајта за економска политика и развој, Комисијата за финаснирање и буџет, и ЗПК го разгледаа Предлгот за донесување на овој Закон, при  што сметаат дека нема потреба од донесување на овој Закон, бидејки постојниот закон е од времен карактер и составен дел на анти-инфлаторната програма во републиката.

Поради овие причини, комисиите му предлагаат на Собранието согласно член 310, став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието да го усвои следниот заклучок

Пред да го лрочитам заклучокот сакам да ве потсетам дека овде имаме два амандмани дадени од пратеникот Панчо Минов кои не се разгледувани ниту од Владата, ниту од комисиите.

ПАНЧО МИНОВ:

Почитувани пратеници, бидејки  овие амандмани се донесени на денешен ден, се врши суштинска измена на текстот на Законот, барам по истите да се произнесе предлагачот и надлежните комисии.

Бидејки сега во расправата за предлогот за донесување на Законот се расправата причините за донесување на истиот предложени од Тодор Петров, Комиситие се изјасниле дека немаат причини од донесување на истиот, од емне поднесените амандмани во суштина  го менуваат и самиот текст на Законот, односно со тоа  и причините за негово донесување, затоа предлагам, бидејки на денешен ден се поднесени да се изјасни по нив предлагачот и надлежнтие комисии.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Предлагањето на Законот за изменување на Законот

за воведување обврска за плакање при патување во странство имаше основна цел постигнување рамноправност на граганите во поглед на патувањето на сите соседни земји на  Република Македонија тргнувајки од надворешанта политика на  некакви дистанци према сите соседни земји.

Бидејки во текстот на Предлогот на законот се бара

бришење на точка 9 од членот 3 од Законот за воведување обврска за плакање патување во странство, што се однесуваше за ослободување од оваа обврска за патувањата во бившата СФРЈ. Со голед на тоа што со амандманите кои се предлагаат се постигнува иста цел

односко политика на еквидистанца према соседните земји, во поглед на изедначвувањето на рамноправноста на граѓаните за ослободување на обврска за плаќање за патување во сите соседни земји, што значи и према Република Албанија и  Бугарија и Грција, освен како што е тоа во законот предвидено за бившите републики на бившата СФРЈ, како предлагач на тектот на Законот, ги прифакам амандманите, само е потребно Владата да го даде своето дополнително мислење и надлежното работно тело во Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега амандмените што ги даде г-динот Минов се составет дел на основниот предлог.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитуван претседателе, Владата го разгледуваше иницијалниот предлог на пратеникот Петров за изменување на Законот за воведуваше обврска за плакање при патување во странство и како што од извештајот на Владата сме информирани, не го прифати Предлогот. Од истите причини, во име на Владата, овластен сум да соопштам дека не се прифатливи и овие амандмани на тој Закон, бидејки самиот закон го донесовме како дел од мерките на антиинфлационата програма и тој имаше за задача да го дестимулира патувањето и трошењето на девизните средства за одредено време, додека стопанството и Републиката се соочуваат со проблеми мерка која се применува во таков случај во многу поразвиени економии од нашата. И од тие причини и поради причината што решението што е сега со оваа иницијатива пратеникот Петров го предлагаше, беше содржина на основното решение на Законот, а Собранието на минатата седница оцени дека сепак во почетниот период за тие граѓани не треба да се однесува таквата обврска.

Владата-смета дека Законот треба дз остане во решенијата што ги утврди Собранието на минатата седница. Според тоа и овие амандмани на пратеникот Панчо Минов, Владата не ги прифаќа.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Почитувани пратеници, Јас барам збор во смисла

на тоа да предложам предлог за изменување на Законот за воведување обврска за плакање при патување во странство , со Предлог на закон не се разгледува на воаа седница, бидејки мислам и во тој контекст имам предложено исто така Предлог за донесување на закон за престанок на важноста на Законот за воведување обврска за плакање при патување во странство, со Предлог на закон, кое во процедура се надева,, од проста причина што во моето образложение стои дека овој Закон е антиуставен. Антиуставноста се заснова на членот 9 и членот 27 од Уставот на Република Македонија, каде што стои децидно дека граѓаните на Република Македонија се еднакви пред Уставот и законите и секој граѓанин може да ја напушта територијата на Република Македонија и да се врати во Републиката. Исто така, сите грагани без разлика на нивната социјална и економска положба се исто така еднакви, мегутоа, во овој случај при плакање од 30 марки за излез од Република Македонија, граѓаните се доведуваат во една нерамноправна положба, бидејки иако им е гарантирано правото дека без разлика на нивната социјална положба сите сме еднакви во овој случај излегува дека не сме еднакви, бидејки некој може да сака да посети некоја земја, а нема 30 марки да плати. Во тој контекст предлагам овој Предлог за донесување на закон за изменвуање на Законот за воведување обврска за плакање при патување во странство да се симне од дневен ред, бидејки јас сметам дека е неуставен и во процедура е се разбира, мојот предлог на закон за престанок на важноста на овој Закон.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас би имал само едно прашање до предлагачот, ме интересира дали овој Закон би важел и за земјоделците сега и доколку тоа навистина се однесува за нив, за земјоделците од мојот крај не можам да го прифатам, бидејки токму сега треба да се пласираат производите во овие територии, а цело време претходно се залагав да се ослободат сите можни бариери, за да може да се пласира производството. Доколку се однесува за нив, јас не можам да го прифатам.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Јас сакам да кажам дека сум против Предлогот на Стоиле Стојков. Тој може неуставноста на Законот да ја докаже преку Уставниот суд, а предлогот на Тодор Петров го поддржувам и да биде ставен на гласање.

ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:

Почитувани пратеници, мислам дека овој Закон кој што се донесе во пакет мерки на претходната седница, дека нема некој одраз, некое влијание, *со* што економски би се оправдал ваков закон. Напротив, денеска кога треба да се отвораме према светот, према соседите, ние донесуваме некој закон, некакво ограничување на право кои граганите претходно го имале. Денеска значи доага до измена на тој закон кој не можеше повеке од 15 дена да постои, 30 марки да плати еден граганин. Фамилија од 4 члена тоа се 120 марки, а тоа е двомесечен личен доход треба да плати за одењето во странство. А можеби има различни причини, дали поради здравствени, дали поради договарање поради трговски односи, или некој други пласмани итн., мислам дека

овој Закон е неоправдан да го поддржиме и мислам дека треба да се донесе. Го подржувам Предлогот на законот, меѓутоа да се укине тој закон, заради тоа што никакви приходи не се на државата, мегутоа ние го успоруваме стопанскиот развој на Македонија. Мислам дека никакво оправдување нема, а тоа се гледа и денеска, дали има некои ефекти за Македонија. Сигурно дека нема, Затоа предлагам како што е предлогот на г-дин Минов овој Закон да се укине.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, не знам какви показатели има Владата во кој што се вели дека ја рушиме антиинфлаторната програма, меѓутоа морам да споманм дека во прvичниот текст на Законот што ни го понуди Владата ова важеше генерално за сите држави во кој ќе патува еден граѓанин на Република Македонија, вклучувајки ги и бившите републики на поранешна Југославија. Што значи дека беше направен еден генерален рез. Ова Собрание усвои уште во старт еден за мене дискриминаторски однос, несоодветен за политиката што Република Македонија сака да ја води а тоа е односот еден граѓанин, кога ке патаува во Република Словенија не треба да плати 30 марки, за сметка на нешто што е многу поблиску, посебно за нас, а тоа се Република Грција, Република Бугарија и Република Албанија.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА: (Продолжение)

Мислам дека не е согласност со политиките што Македонија како држава ја води во овој момент односно, пред се нејзиното отворање. А од друга страна сите бевме во една малку еуфорично расположение,при воведувањето на нашата домашна валута така што не размисливме и за оправданиот револт што ќе се јави кај нашите граѓани и незнам колку кај некого ќе биде оптоварен буџетот ако решил да патува во странство, што значи дека располага со доволно и достатични девизни средства, да ди плати и тие 30. Тоа е само влевање на некоја капка во морето која тешко да се обезбеди како море, така што мислам дека треба да се прифати и законскиот текст на предлагачот, вклучувајќи ги и амандманите така што сите граѓани во старт.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Почитувани пратеници, фактички сега ние имаме општ претрес по Предлогот за измена на Законот, предложен од пратеникот Тодор Петров, во кој се антиципирани и амандманите предложени од мене и истиот ги прифати како интегрален дел на Предлогот, а по својата суштина во овој случај треба да се расправа дали има причини за донесување на законот за укинување на Законот за обврската од плаќање  при патување во странство. Јас мислам, точно е тоа дека тоа беше една од мерките на антиинфлационата политика содржана во пакетот закони донесени на таканаречената Велигденска седница, но мислам дека за разлика од другите мерки, од другите закони кои наидоа на големо поздравување од граѓаните и чии ефекти веќе непосредно се чуствуваат како од граѓаните така и од правните лица.

Оваа мерка беше и во своето донесување најнепопуларна, тоа е воведувањето на плаќање во износ од 30 марки при патување во странство и уште во својот старт како што кажа претходниот пратеник беше селективна односно не за сите патувања во странство односно беше нерамноправна во однос на патувањата што се вршат во бившите ЈУ републики и истата е апсолутно неприфатлива од граѓаните. Како од граѓаните така и од правните лица има големи реагирања како и од самите стопанственици.

Сметам дека ова не е мерка на економската политика, ова е чисто фискална даночна мерка со која државата обврзува, а возвратно ништо со тоа не дава, не дава никаква противуслуга и во тоа е нејзината непопуларност и ненпредметност.

Исто така држи и образложението што го искажа и пратеникот Стоиле Стојков во оперирање и уставноста во однос на еднаквоста на граѓаните во однос на слободата на движењето во случајот патување во странство, конкретно дека со закон не може да се ограничи, тоа е уставна одредба, со закон неможе да се ограничи движењето односно патувањето од територијата на Републиката и слободното враќање на територијата на Републиката.

Предлагам да се донесе заклучок дека има причина од донесување на Законот за престанување на важноста на Законот за обврската од плаќање при патување во странство, дека има причини овој закон да се донесе.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да не водиме дебата натаму, туку Законот ако може да оди на работните тела, сега да ја прекинеме расправата, а утре сигурно изутрина комисиите може да го разгледаат, а потоа да се врати на утрешното продолжување на седницата.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ;

Почитуван претседателе, во смисла на ова што го рековте, а бидејќи амандманот е даден на самата седница, тоа може да биде по исклучок. Во основа, ги менува начелата на еден закон за измена, за воведување на таа такса, сега воведуваме нови начела со кои се укинува. Во тој случај бидејќи на самата седница се дава, мора да расправаат телата и да поднесат извештај и согласно член 35 и член 337 можеме да ја прекинеме како што предлагате или да продолжиме или за една од наредните седници.

Јас имам конкретен предлог за една од наредните седници, да донесеме заклучок, да се расправа, од причини што не е можно и деловнички ваквата измена без да се расправа на телата. Со се начелата и односите имаме обратна состојба, од воведување сега имаме за укину-вање.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Бидејќи Комисијата за финасирање и буџет како матична комисија не ги разгледала амандманите на пратеникот Панче Минов, кои сега веќе се составен дел на Законот кој беше предложен од пратеникот Тодор Петров, а тоа е сосема нова суштина, суштина на престанување на  важноста на постојниот закон, затоа предлагам овој закон да го разгледаме на една од наредните седници, може на првата наредна седница.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас сметав дека Собранието треба да го разгледа Предлогот на законот тој што е во процедура и гој во моментот на поднесувањето на амандманите од пратеникот Панче Минов и со мое прифаќање како предлагач станаа составен дел и гласи Предлог на закон за престанување на важноста на Законот за воведување обврска за плаќање при

патување во странствство. Со оглед на тоа што добивме усмено мислење од Владата, а надлежните работни тела не се изјасниле, сметам дека точката како што е предложена и се наоѓа на дневен ред, да ја прекинеме расправата, надлежните работни тела во текот на утрешниот ден да го разгледаат предлогот на законот, да дадат свое мислење и Собранието во текот на одржувањето на оваа седница да го разгледа и да го усвои предлогот кој е во процедура.

А што се однесува до прашањето на пратеникот Станиковски, дали ова се однесува само за земјоделците, не се однесува само за земјоделците, туку се однесува за сите граѓани на Република Македонија. По најмалку 6и предлагал за земјоделците заради тоа што и од изборна единица од каде што потекнувам мнозинството од граѓаните се занимаваат со земјоделство.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас се согласувам со искажаните мислења од одделни пратеници кои кажаа дека во битност амандманите фактички ја менуваат суштината на Законот и затоа напоменувам уште еднаш дека на 18 мај јас поднесов Предлог за донесување на закон за престанок на важноста на овој закон. Мислам дека тоа е тоа. Значи, тоа беше и мојот предлог, мислам дека беше и поддржан на оваа седница да престанеме да расправаме по оваа точка и на една од наредните седници да расправаме за Предлогот за донесување на закон за престанок на важноста на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со Предлог на закон, за кој имам поднесено целокупан материјал до Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Сакам да ви укажам дека јас дадов еден предлог сега изменетиот предлог на господинот Тодор Петров и прифатените амандмани

Од господинот Панче Минов, треба да престанеме да водиме расправи по нив и да ги упатиме на работните тела. По овој предлог кој заедно со амандманите е во постапка, треба да ја завршиме постапката. Треба да се завшри постапката така што работните тела ќе го разгледаат, па работните тела може овој предлог на Гештаковски да ни го дадат, или предлогот на господин Стојков, а може да ни дадат и други предлог. Меѓутоа, сега не е добро без да оди овој предлог на работните тела однапред да го изречеме она што можеме да го претпоставиме дека работните тела нам ќе ни го предложат. Деловнички мислам дека е подобро така.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Предлогот на претседателот мислам не е така, Собранието одлдучува дали ќе го прекрати, а не работните тела. Сметам дека Собранието треба да одлучи дали ќе го прекрати и за една од наредните седници, а работните тела можат да се изјаснат во таа смисла.

СТОЈАН АНДОВ:

Не сме се разбрале, токму така реков, Собранието да одлучи сега работните тела да го разгледаат, да го изнесат својот став овде, па Собранието ќе одлучи, неодлучува друг. Меѓутоа, за нас е важно кога Собранието одлучува, дали имаме став или немаме став од работните тела. Сега во овој момент за вашиот предлог немаме став од работните тела, а јас предлагам и за тоа да добиеме став од работните тела.Тоа е од почит спрема предлагачот. Било кој да е предлагач нужно е кога се изјаснува Собранието да има став и на работните тела за тоа. Ете, затоа, предлагам Собранието да прифати да ја прекинеме сега расправата по оваа точка, утре надлежните комисии да го разгледаат овој предлог и да ни предложат, да го одложиме за наредна седница или што да направиме, нека предложат, или да го усвоиме, што сакаат

нека предложат. тогаш Собранието на Република Македонија може да се изјасни.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Мислам дека му е пренесено на претседателот дека пратениците од Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз утре неможат да учествуваат во работата на работните тела, ниту во работата на Парламентот па затоа, да не влезе во заклучокот утре да работат работните тела. Нека биде задутре или незнам кога за наредната седница, да не влезе во заклучокот дека утре мора, поради тоа што неможеме.

СТОЈАН АНДОВ:

Мене тоа не ми е пренесено, јас незнам. Добро, тогаш ние ќе заклучиме за задутре. Само за задутре една друга парламентарна група ми сугерира дека неможат да работат во петок.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Мораме да признаеме дека неодговорно се однесуваме. Зошто тоа го велам? Кога го усвојувавме Законот, јас лично и левата и десната страна ги замолив да прифатат 10 марки. Сите маркетиншки се однесувавме. Мораме да признаеме дека така беше. Денес имаме друго. Зошто така? За да донесеме ваква одлука предлагам најпрво да добиеме извештај од Владата колку пари се собрани. Јас ги платив 20 долари завчера само за еден час што ја поминав границата, а ако вака се однесуваме значи правиме маркетинг. Од тие причини најпрво да донесеме заклучок на сите кои што платија да ги добијат парите или пак ќе ја поддржуваме Владата и натаму да важи законот. Вакво дволично однесување не е примерно за нас.

СТОЈАН АНДОВ

'Сега имаме предлог на закон, дајте во врска со тоа да са договориме.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас имав конкретен предлог затоа што мислам дека деловнички е така, претседателот на Собранието би требало мојот предлог да го стави на гласање. Ако се изјасни овој Парламент дека е за мојот предлог в ред е, ако се изјасни за некој друг предлог тоа е процедурата деловнички е така и затоа барам уште еднаш мојот предлог, кој беше поддржан од двајца пратеници да се стави на гласање.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој е за тоа да се прекине расправата и да се оваа точка одложи за една од наредните седници нека крене рака? (51 пратеник)

Според тоа констатирам дека 25-та точка е симната од дневниот ред на оваа седнцица и одложена за една од наредните седници.

Минуваме на 33-та точка бидејќи сите други точки по Заклучокот рековме дека ќе го причекаме министерот за внатрешни работи.

Ве молам ви е поделен амандман од Владата по Предлогот на закон за преземање на обврска за обезбедување на динарски средства за исплати по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија.

Предлагам на една од паузите да се тој амандман разгледа од работните тела бидејќи и тој амандман значајно ги менува предлозите и решенијата  содржани во основниот предлог.

Премиуваме на 38-та.точка - Извештај за остварените монетарно кредитини движења и економските односи со странство  во 1991 година со Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Македонија за 1991 година, и Предлогот на одлуката за потврдуваше на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1992 година.

Извештајот, Годишната сметка, Финансискиот план, Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет,Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за општествен надзор и претставки, Комисијата за стопанство, Комисијата за земјоделство и шумарство, Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет предлагаат Народната банка на Македонија да изготви и на Собранието да му достави нов Финансиски план на Народната банка  на Македонија за 1992 година, усогласен со реалните монетарно-кредитини движења и сосотјби особено по нејзиното монетарно осамостојување, а потоа Собранието да расправа по Предлогот на одлуката за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1992 година.

Кој е за Предлогот на Комисијата за економска политика и развој , молам да крене рака?

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата за економска политика и развој е усвоен.

Отворам претрес по Извештајот за остварените монетарко-кредитни движења и економските односи со странство во 1991 година и Предлогот на одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Македонија за 1991 година.

Молам, кој бара збор?

Дали има претставник на Народната банка? (Нема претставник)

Дали господинот Паунов останува на својот амандман?

ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратнеици, мислам дека одлуката што се нуди под 1 за распределба на вишоците на средствата на Народната банка за 1991 година, да се изврши прераспределба на средствата така што под 1 да остане формирање на девизни резерви 189925347,70 динари за развој на земјоделството да остане 207 милиони и 600 илјади динари, да се воведе нова ставка под 3 за одржување на објектите на водостопанските организации од 55 милиони динари и нова ставка под 4 да се воведе за покривање на расходите во здрав-ството од 60 милиони динари.

Овој амандман го предлагам поради тоа што видовме што

настана во здравството, и покрај тоа што знаевме дека овие средства се минимални, но сепак дека и Владата се вклучува и учествува во разрешувањето на моменталната состојба во здравството, а исто така водостопанските објекти што е за поттикнување на земјоделството, меѓутоа, без вода нема напредок во земјоделството, а објектите се прилично дотраени и знаеме каква беше состојбата во водостопанството во оваа година, дека објектите не се одржуваат како што треба и нема доволно средства за одржувањето. Поради тоа средствата и во оваа област за водостопанството од 55 милиони.Мислам дека овој пред-лог би бил оправдан и барам да биде ставен на гласање пред пратениците.

БЕЌИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имаше едно недоразбирање. Предлог-одлуката е предлог на Владата а не е на Народна банка и таа треба да се третира како предлог на Владата.

Второ, ние остануваме на тој предлог што ви е презентиран овде, а заради ваше информирање 80 милиони со Програмата за поттикнување на земјоделието во 1992 година Владата ги утврди како позајмица за овие намени за кои пратеникот овде покушава од вишоците каде се утврдени намените со економската политика за 1992 година и денес не се врши нивна прераспределба во еден или во друг правец. Молам примете го тоа како факт дека остануваме при предлогот кој ви е презентиран.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние овде имаме два документи. Имаме извештај од Народна-та банка и имаме одлука која е на Владата. Ние сега немаме некој передлог  за измена на извештајот.

ТЕОДОСИЈА ПАУНОВ:

Потпретседателот на Владата кажа дека се позајмени 80 милиони динари за водостопанските организации. Ние знаеме дека тие се позајмени, тоа се повратни средства и тие се искористени средства и сега треба да се вратат како такви, меѓутоа нема од каде да ги вратат.

Јас сепак останувам на својот предлог средствата да се дадат во земјоделието, односно во водостопанството за поттикнување на земјоделието. Ако не направиме такви зафати сигурно и следната година ќе не снајде истата ситуација како и оваа година во земјоделието.

СТОЈАК АНДОВ:

Дали некој бара збор по извештајот ? (Никој)

Предлог-заклучокот по извештајот ви е поделен.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Минуваме на одлуката.

Имаме амандман на одлуката поднесен од пратеникто Тодосие Паунов.

Тука не е изведена постапката бидејќи не го гледала комисијата, а Владата не го прифака. Амандманот е даден овде на самата седница.

Предлагам да се изјасниме по амандманот иако не го гледала Комисијата за да не правиме непотребно паузи.

Дали има потреба амандманот да го гледа надлежната комисија? (Има).

Во тој случај предлагам и оваа точка да се одложи, да ја прекинеме расправата по неа, бидејќи претседателот на надлежното тело смета дека амандманот мора да се гледа во Комисијата. Тогаш на една од паузите што ќе ги дадеме да се разгледа овој амандман  и ние после ќе  продолжиме со работа по оваа точка.

Минуваме на точка 39 - Извештај за работата на Службата за општественото книговодство на Македонија за 1991 година.

Извештајот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за општествен надзор и претставки, Предлогот на заклучокот и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој сара збор? (Никој).

Јас сакам да кажам нешто во врска со извештајот.

Мислам дека е многу значајно тоа што токму на една ваква институција сега го гледаме извештајот и ова е првпат гледање на извештајот на СОК откако сме донеле нов Устав и откако се одлучивме какво општество ние навистина овде ќе развиваме и какви сопственички односи овде треба да се формираат или да настанат во нашата Република.Фактички тоа е клучно прашање, едно од најважните прашања на нашиот однос спрема слободата на пазарот и претприемаштвото и треба сега малку околу овие прашања да видиме како натаму и што со оваа служба и кои ставови треба да се заземат'.

Јас сум задоволен што зрее сознанието дека не може Службата да остане вака како што е. Меѓутоа јас мислам дека Службата навистина не треба да остане како служба и да не одиме по патот на нејзина трансформација, туку малку да проанализираме што претставуваше таа служба и што да правиме во оваа обалст сега.

Во оваа служба има помешано многу функции кои во пазар-ното стопанство св раздвоени, но во стопанството на договорната економија и на општествената сопственост каде фактички немаме јасен пазарен субјект и јасни пазарни односи беше можно тие функции да бидат споени во една служба на државата. Тоа пред се е државна служба и таа спојува во најмала рака три вида на операции. Прво, спојува државна функција на контрола и инспекција, второ, спојува неутрална функција на платен промет и трето, спојува комерцијална функција на ревизија, анализи и т.н. Според тоа тие функции во пазарното стопанство се комплетно одвоени и институционално се одвоени, а одвоени се и по начинот на организирање, дури се одвоени

и сопствекички, па да кажеме анализата, ревизијата, оценката на вредност на имовината, тоа е бизнис. Тоа е сосема слободпо пазарно дејствување. Статистиката си е работа на државните органи кои се потполно неутрални, Завод за статистика и т.н. Платниот промет е на специјализираните организации, пред се на банките, но може да биде и на посебна институција. Контролата е на чистите државни органи, како што е финансиската полиција и т.н. Оттаму мислам дека не е можно по пат на трансформација на постојната служба која е оличење на општествената сопственост и на социјалистичкото општество, по нејзина трансформација да се добие она што е потребно да се добие. Затоа мислам дека е потребно да се направат пошироки за-фати, потребен е еден преоден период, но треба да се определиме за укинување на оваа служба, а во тој период треба да се донесат закони и да се формира една законодавна рамка за основање на сите тие институции, било во бизнисот, било во државата, да се распоредат кадрите и да може да се создаде една сосема друга, да кажам така примерена на пазарното стопанство економска структура на нештата.

Нашата служба има околу 1700 вработени, моежеби сега е

нешто намалена. Најголема активност таму е платниот промет. Платниот промет досега се протегаше на економските односи и плаќањата со сите досегашни југословенски републики. Сега еден голем дел од платниот промет се намалува, нормално. Тоа станува меѓународен промет.

Со овој дел што е меѓународен промет ваква служба од овој

вид сигурно не е потребна. Но, се јавува една друга потреба која не може да биде работа на службата. Ние сега еве се обидовме со Словенија како да ги средиме односите на еден вид клиринг. Со другите републики веројатно на сличен начин ќе ги решиме тие односи и на нас веројатно ќе ни се јави потреба,.што е многу логично, ќе

ни се јави потреба покрај банките низ кои ќе се одвива платниот промет меѓу поедини републики со кои на свој начин и озие платни спогодби ќе ги решиме, да се организира и една таканаречена клиринг хаус која постои, какви ги има во другите земји, која ќе ги ликвидира дневните плаќања и разлики во плаќањата во поедини банки со поедини од овие земји, но таа институција, се разбира, треба да биде одвоена од службата. Неа треба да си ја основаат банките кои се занимаваат и ќе се занимаваат со платниот промет и таа независно и неутрално треба да работи независно од државата. Откако државата ќе ги создаде нормите во сите овие спогодби што ќе ги направиме сега, нивната примена мора да биде автоматска и да не зависи од надзорот и од дневното одобрување на државните органи како ќе течат плаќатата натаму. Инаку ќе ги запреме сите мотиви за работа и слободата на пазарното однесување потполно ќе го запреме. Затоа предлагам да се одлучиме на еден сериозен рез на напуштање на концепцијата на општествено книговодство, бидејќи концепцијата на општествено книговодство произлегува од концепцијата на општествената сопственост на средствата за производство и да направиме една комплетно нова структура на целиот тој дел кој инаку она го покриваше и го држеше на едно место, иако тоа беа неспоиви нешта и да се определиме навистина за пазарно стопанисување и уредување на тие односи. Зошто тоа го велам? Фактички на овие прашања ние се пробуваме.дали ние навистина сме се одлучиел да го напуштиме социјализмот или на разни начини низ трансформации и континуитети сакаме да останеме сеуште во тој социјалистички систем. Мојот став е дека тука треба да бидеме до крај доследни на уставните определби и да се определиме за овој начин. Ова е многу значајно. На нас ќе ни се повторат сите расправи, сите укажувања, сите грешки што сме ги правеле ако за ова не се води сметка кога ќе се подготвуваат законите. Ако нас ни дојде еден комплетен закон за трансфор-

мација на СОК во кој на едеи друг начин само ќе се викаат тие функции, а тоа ќе си биде се служба на општествено книговодство. Јас не знам каква е намерата меѓутоа насетувам нешто такво, јас мислам тоа ќе биде ништо друго туку еден обид да се задржиме во сферата на социјализмот што за овој Парламент, по мое мислење, е неприфатливо. Затоа сакам на време, по повод на извештајот и во согласност со основните согледувања, бидејќи сепак тука треба да се напушти досегашната пракса, сакам да сугерирам да се определиме за една ваква ориентација.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Мислам денес на дневен ред го имаме Извештајот за работењето на СОК и ред е да се произнесеме по однос на ова колку оваа служба ги остварувала задачите во изминатата година. Секако дека извештајот може да биде повод и за тоа како да се трасира патот и за нејзината трансформација во наредниот период, а и евентуално како да работи во иднина, доколку остане.

Лично мислам, врз база на она што имавме прилика да го прочитаме, оваа служба е со една подолга традиција од 7 години, од 1985 година наваму. Мислам дека во текот на минатата година, како што е познато беше доста карактеристична по многу причини, се работеше во едни тешки услови, во услови на блокади, во услови кога Македонија можеше да го избори своето место по издвојувањето на Словенија и Хрватска и мислам дека заслужува внимание по тоа што службата успеала колку толку да ги брани интересите на Македонија во новата констелација на односи. Во секој случај службата како еден вид жижа на активности и како огледало на се тоа што значи и деловни и финансиски односи како внатре во Македонија

така и во односите со другите делови на поракешна Југославија, мислам дека ги остваруваат задачите ка едно примарно ниво. Таа и со тие услови на нарушени финансиски односи со цел македонското стопанство што е можно повеќе да се ослободи од побарувањата од другите делови на бивша Југославија, па и со цел решавање на проблемите внатре во претпријатијата или учествувала во осумте мултилатерални компензации организирани на ниво на Југославија, или пак организирала и без свои сопствени на ниво на Република Македонија мултилатерални компензации, што овозможиле некаде преку 10, 12 па и повеќе да се искомпензираат доста побарувањата и обврските, со тоа колку толку да се амортизираат проблемите во врска со неликвидноста на стопанството во Македонија, Меѓутоа, тоа се резултати кои доста добро се изнесени и во самиот извештај, напоредно со тоа што службата како таква им стоела на располагање на сите заинтересирани фактори од податоци, анализи и т.н. за движењето во Македонија.

ШАБАН ПРЕВАЛА: (Продолжение)

Мене ми паѓа во очи, посебно табелата број 9. Едни податоци што ги истакнува во извештајот оваа служба, кои се однесуваат за утврдените незаконитости и неправилности во текот на извршените контроли во 1991 година. Паѓа во очи дека за 34.732 правни субјекти во Македонија, или двојно повеќе отколку година дена порано, службата се соочила со појавата на враќање на налози во износ од 25.715. Потоа, вратени неисправно пополнето пресметки, податоци или поставено барање за нивно дополнување по 16.228 случаи. Незаконитости утврдени со контрола на пресметка и уплата на обврски во 78.775 случаи. Тоа се податоци кои ако човек ги анализира ке извлече доста лоши заклучоци за нашето економско финансиско работење во текот на изминатата година. Отука мислам дека независно како ќе се трансформира оваа служба, согласно Уставот и интересите на РМ, евидентна е потребата од посериозен надзор врз нашето економско-финансиско работење, затоа што навистина податоците тоа најдобро го илустрираат.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

По повод извештајот на СОК, не налвегувајќи во стручниот дел, мегутоа, сметам дека треба да се истакне дека оваа служба на СОК не си ја извршувала својата функција и не случајно не е предвидена во новиот Устав. Во таа смисла се формира, да врши превентивна улога во финансискиот промет, а обратно, таа се претвори во чисто казнена политика која покренуваше непотребно постапки за стопански престап, стопански прекршок. Јас директно и сум учествувал во тие постапки, во таа наместо превентивно да го

забрза прометот, иако така се прогласуваше во минатите години на разни советувања и во исклучив превентивна улога, стручна помош да даде на субјектите во правниот промет, таа исклучиво изигруваше полициска улога. Непотребни ситници, разни азбучни редови се покренува постапки за прекршоци, стопански престапи и сметам дека таа функција не си ја изврши и не треба да се предвиди во ова, не да се трансформира туку воопшто да не се предвиди. Да се предвиди сосема нова, која овој промет може да го прифати да го динамизира, да му помогне и да го воспостави. Инаку, таа, имаше статус на орган на управа, не може да функционира во наредниот период.

ИЛИЈА БОШКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Прво, СОК не е државен орган, службата е самостојна и независна, а така стои и во Сојузниот и во републичкиот закон. Она и сега и до сега така се однесувала иако имаше тенденции во минатото да и се даде атрибут на државен орган или да се присвои од некој орган.

Второ, Службата е сервис. Сервис е на државата и сервис е на правните лица. Сервис е на државата во однос на убирањето на јавните приходи, нивната распределба, нивното следење, нивното насочување. Во однос на контролата, а на правните лица во однос на платниот промет.

Трансформацијата на службата е нужна во рамките на сите трансформации кои треба да се извршат во нашата држава, се разбира угледувајќи се на плурализмот како во демократските односи така и во сопственичките односи. Но, се поставува прашањето

кога и како. Мислам ако,се направи рез веднаш тоа да се направи деха ќе се изгуби континуитет на работата, тешко би можело ла се организираат, а најмалку треба да се организираат четири дела од постојните функции на СОК. Тоа е делот на платниот промет, кој треба да се обавува од неутрална организација, надвор од банките, надвор од било која институција. Впрочем, тоа е така организирано и во најголемиот дел од европските земји кои работат на пазарни услови на стопанисување.

Посебно е делот на финансиската контрола, или како во последно време го викаме финансиска полиција. Посебно е делот, на таканаречената државна ревизија на јавните претпријатија на јавните приходи и јавните расходи. Посебно е делот на т.н.,економско-финансиска ревизија и консталтинг услугите.

Нашиот приод и размислување се малку поинакви. Во Службата постои кадровска техничка, технолошка оспособеност. За Службата, не под ова име, под било кое име, за кое ќе се договориме да крене и од неа да се оспособуваат овие четири институции, зависно од развојот на материјалната основа на Републиката, зависно од плурализмот до сопственичките односи кој ќе се направи, зависно од демократијата како ќе се развива и во кој степен ќе се развива во Републикава. Инаку, без Службата јас поставувам прашање. Служба, условно да ме подразбирате. Трансфомрацијата на општествениот капитал нема да трае така брзо, и нема да биде така едноставно. Јас би бил пресреќен, ако тоа се заврши за 10 години. Среќен ако се заврши за 15 години, а тажен ако тоа се одолговлечи и да биде 20 години. Се поставува сега прашање, кој тој вакум ќе го покрива во меѓувреме. Кој ќе ја прави таа контрола на законито користење, управување на  тој општествен капитал што ќе остане или под друго

име до го користиме да биде државен капитал. Затоа би молел овде малку повеќе да се размисли околу ова прашање, да не се сечат реско работите. Нека се направат алтернативни предлози. Од она што ќе се оцени дека е најцелисходно, така да се трансформира службата на СОК. не е спорно да се издвојат овие 4 целини, меѓутоа прашање е кога тие ќе се оспособат и ќе можат да функционираат, прашање имале ли ние материјална основа да создадеме техничка основа и методолошка основа тие квалитетно да работат и да ги остваруваат своите функции. Ние имаме сега една база која извонредно работи. Имаме една екипа која извонредно функционира, која може да игра, како јас велам, во некои лиги од сојузен ранг. Ако тие играчи ги растуриме, ги поставиме на 4-5 сегмента, автоматски ќе добиеме екипа која ќе може да игра во некоја сонза лига или лига од понизок ранг. Затоа прашањето е доста озбилно, добро е што се покрена прашањето и јас би молел посебно да се прифати заклучокот што се предлага - веднаш да се отпочне со размислувањето околу трансформацијата на Службата *со* повеќе алтернативни предлози, со оценка за нивната целисходност и тогаш конечно да се заклучува како службата треба да се трансформира.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Почитувани пратеници, очигледно имаме една точка на дневен ред - Извшетај за работа на СОК за 1991 година, а овде не ни отворивме некој вид материјална расправа околу тоа која е функцијата на Службата, дали треба да постои, дали не треба да постои така натаму. Мислам дека тие дискусии во овој момент не се потребни.

Овде копкретно од претседателот на Собранието се покрекаа некои прашања дека треба да се направат некои пошироки зафати, за укинување на Службата, да се распоредат кадрите, да се направи посериозен рез, концепција и тн. Ние имаме Влада, нормално и како пратеници наредните трансформации што ќе дојдат во поглед на системот, тука спаѓа и таа служба, сите тие предлози што ќе бидат од страна на Владата ќе дојдат во овој Парламент и ние ќе можеме да ги разгледуваме и како пратеници и како помошни телас во Собранието. Тогаш ќе можеме да отвориме материјална расправа и да дискутираме за овие прашања. Инаку не овде директорот на СОК да дава сугестии што ќе правиме во овој меѓупростор и вакум, а од друга страна претседателот на Собранието загрижен па дека треба оваа Служба што поскоро да се направи длабок рез.

Јас мислам дека вакви игри даваат основа на сомневање за некои други интереси. За некои други интереси кои навистина не е место да се дискутираат. Ние треба само по извештајот и она што значи содржина на извештајот, дали го прифаќаме или не го прифаќаме. Се друго за мене ќе биде важно тогаш кога ќе дојдат на дневен ред такви закони од областа на трансформација на системот, а во тој поглед и на оваа Служба на СОК.

СТОЈАН АНДОВ:

Само да појаснам ве молам.

Заедно со извештајот и извештаите на работните тела кои ви се поделени има еден заклучок по извештајот. Точката 4 од заклучокот зборува нешто сосема спротивно од ова што го зборува господинот Котевски. Таму вака вели: "Собранието укажува дека во наредниот период заради успешно остварување на активности

на СОК во РМ како самостојна независна организација потребно е во што покус рок нормативно да се регулираат статусот и фунцкиите на службата при што таа да се трансформира и своето работење да го прилагоди кон пазарните услови на стопанисување и трансформација на општествениот капитал". Овде се претпоставува дека Службата како таква организација, каква била може да постои и во услови на пазарно стопанисување. Мојата оценка и став е нешто друго, по повод на ова што денес Собранието треба да го усвои, врз основа на ивзештајот на комисиите и врз основа на извештајот на Службата. Јас си изнесував мое лично сознание дека Службата е омнибус направен во услови на социјализам и договорна економија, како се развивала и ги компелирала функциите кои не се споиви во услови на пазарно стопанисување. Затоа она треба да се декомпонира, а овде се заговара да остане единствена служба. Тоа јас го кажувам. Можете да верувате, да не верувате, можете да имате друго мислење, и сл. Јас мислам ако застанеме цврсто на остварување на нашите одлуки во Уставот да направиме ние навистина слобода на пазарот и претприемаштвото за ваква служба, каква овде се предлага да заклучиме нема место.

Инаку, ве молам ни еден збор немам да замерам на луѓето дали добро си ја вршеле работата. Сигурно добро си ја вршеле работата. за секого мора да се води сметка каде ќе биде на работа, каде ќе му се пренесе функцијата. За материјалните средства, но тоа е друга работа. Меѓутоа, таа Служба како е овде дадена по мое мислење, ниту некаде знам ваква служба, ваков омнибус да има досега во пазарно стопанисување.

ПЕТАР ГОШЕВ :

Јас не сум за некоја подолга расправа во врска со оваа точка, од едноставна причина што се наоѓаме во период кога завршува еден период од работењето на оваа Служба и треба да отпочне некој нов период во кој што оваа Служба ќе биде сосема поинаква или нема да биде, како што некој сака да каже дека нема да биде воопшто оваа Служба, туку некои служби што ќе обавуваат некои задачи, што ги обавувала СОК.

Ние треба коректно да констатираме без посебни напади на Службата, а тоа повлекува напади на луѓето кој што работеле во Службата, дека таа била производ на општествено-економскиот и политичкиот ситем кој што постоеше до новиот Устав и кој што уште со рецидиди постои и денеска, не сме се сообразиле и дека во рамките на тој економско-политички систем таа функција ја обавуваше својата задача така како што и беше наложувано со позитивните прописи на тој економски и политички систем. Коректно е тоа да го констатираме во врска со работењето на оваа Служба, и во врска со работењето на сите луѓе што работеле таму од нејзиниот почеток до денес, или што продефилирале низ работењето на таа Служба. Во таа Служба постојат десетици и стотици кадри, стручни, обучени за работите во врска со јавните приходи, за работите во врска со платниот промет, за работие во врска со финансиската контрола, државната ревизија и како што спомна директорот на Службата, консалтинг услуги. И, дека нашиот однос кон измените што треба да настанат вкупно мора да биде коректен бидејќи тие луѓе таму се сконцентирани што нешто знаат во врска со ова материја и на друго место немаме многу луѓе што ќе бидат користени и за користење на некои нови служби при расформирањето и трансформацијата на оваа Служба.

Тоа сакам да го констатираме инаку се разбира дека е комунистичка институција, меѓутоа комунистички институции биле и други и се менувале и треба се да измениме коректно и во тие комунистички институции, социјалистички институции сме работеле сите, или работеле сите овде што ги има овде а и надвор што не се присутни. Затоа можеме да констатираме за оној период, до денес дали таа Служба ја обавувала добро работата или не, меѓутоа, прашањето ќе биде многу тешко, бидејќи ако тргнеме да анализираме функција по функција на оваа Слубжа до сега, ќе треба да избалансираме дали вината за некои состојби  што се во рамките на досегашниот систем, на таа Служба, дали е тоа вина на целиот систем како што функцонираше. Да земеме само еден пример. Функцијата јавни приходи можеме да констатираме дека службата добро ја обавувала функцијата собирање на јавните приходи врз прописите. Колкав степен на неизвршени наплати на јавните приходи, несанкционирани приходи на јавни приходи имаме колку е за тоа одговорна Службата, колку е одговорно судството, колку за тоа се одговорни други институции и тн. Ќе констатираме огормни слабости и покрај целата добронамерност и стручност на луѓето што работеле таму.

Или, да тргнеме во анализа на подрачјето на финансиската контрола што подразбира барање на финансиска дисциплина во целиот систем. Што ќе констатираме денеска. Дека имаме страотна финансиска недисциплина наспроти стегањето од Службата поголемо, или помало на кое што пак оправдано може би имаат приговори многу многу стопански субјекти и физички лица и правни лица. Ние сме сега во период кога навистина имаме катастрофално лоша финансиска недисциплина. Можеме да разговараме за тоа дали е за тоа виновна Службата, дали за тоа се виновни други институции или целиот

механизам на власт не функционира како што треба. Мојот дговор е дека во целина работие не ни се добри и затоа бараме целина на промена на економскиот и политичкиот систем и дека, се разбира толку колку што целината на системот е виновен е виновна и самата служба за оваа рашомонијада што постои на полето на обавувањето на функциите во финансиската свера, а и не само тоа. Значи, одговорностите се многу големи, но многу се разгранети и една посуптилна анализа би требало да покаже дали таа Служба е толку виновна, највиновна, колку другите институции кои што се налепуваат , на обавувањето на сите тие функции се исто така одговорни. Затоа таа расправа ако ја вратиме не ќе ни користи многу. И по повод самиот извештај да оцениме али таа си ја завршува успешно работата, па целиот систем економски и политички крахираше, а со тоа и институциите на тој систем вклучувајќи и одделни институции кои постоеја.

Прашањето е следното во врска со заклучокот што го прочита претседателот. Мислам дека ние треба да поминеме веднаш на тој заклучок, да констатираме дека оваа Служба работеше како работеше и дека таа уште постои, но дека треба на една од наредните седници, јас не можам да предложам рок дали на првата наредна седница, за тоа треба подготовка, да каже Службата, да каже Владата и Собранието може да каже дали треба под итно да го направиме, но на една од наредните седници ние треба да добиеме проект за сообразување на Службата, вклучувајќи не јзино постоење и непостоење, институции кој што треба да постојат во замена на тие функции на таа Служба,

ПЕТАР ГОШЕВ - (Продолжение)

Да добиеме проект за кои што ние ќе раскраваме што ни треба во таа свера да направиме како комплетна промена. Тој заклучок едноставно мислам дека е најважен од расправата во врска со оваа материјал, да го усвоиме како Собрание и да фиксираме некој рок кој што е многу покус, не е далечен бидејки промените мора да се направат, а овие се централни институции на досегашниот систем. Ако овие институции ги промениме, вршиме брза промена кон новиот систем односно кон сообразување на економскиот и политичкиот систем во согласност со Уставот што го усвоивме. Ако овде одолго-влечуваме тогаш работите се конзервираат и ние бавно, бавно ќе одиме напред и да не ни се случува како што го имавме предходното гласање што е апсолутно не соодветно со она што го бараше Уставот, но тоа е работа што веќе помина.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние сме во тешкотии поради предлогот на заклучоците, а не поради извештајот. Извештајот е една работа, меѓутоа ние сега како Собрание нешто треба да заклучиме. Петар Гошев сега предлага заклучок, тоа беше и моја идеја да избегаме од ваков заклучок, бидејќи овој не тера во континуитет на постојната состојба.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Пратеничката група на Либералната партија предлага гласањето за извештајот да биде едно, а овој заклучок да не се прифати какао што е даден во писмена форма, дури и незнаеме кој е предлагач.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е собрано од повеќе извештаи од комисии.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Значи предлогот е тој да не се прифати, а врз основа на вашата дискусија и на вашите предлози и на Петар Гошев да се формулира нов заклучок,

СТОЈАН АНДОВ:

Не станува овде збор да ги вознемируваме луѓето што работат во службата, тие се стручни луѓе, тие секаде ќе имаат место и нивната работа е потребна, меѓутоа неможеме денес да дадеме зелено светло задолжително да остане една служба како досега. Тоа како ќе биде ќе треба да се стави во ред, тоа е работата. Незнам дали тоа само ќе биде или еден дел ќе бидат приватни работи, ќе биде бизнис, нема зашто за тоа да се грижиме.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Мене ми се чини дека и расправата ја промашивме заради тоа што расправавме за начинот на организирањето на платниот промет отколку што извештајот на СОК. Она што е вградено како институција во постојните законски прописи додека не ги промени ќе остане така, меѓутоа сметам дека за да расправаме за тоа какао да се организира службата односно за одвивањето на платниот промет ние имаме во процедура и во програмата за работа нема потреба од посебен заклучок има во програмата за работа закон за платниот промет, тој закон ќе го добиеме, може само да бараме Владата да ги интензивира активностите околу неговот предлагање во процедура во ова Собрание а друго неможе амблок да предлагаме

што побрзо да се укине службата зато што ние денес го добивме и го разгледувавме законот за банките и другите финансиски организации, па во тој закон видовме дека нашите деловни банки воопшто не се оспособени организационо, стручно и било како да го преземат платниот промет кај самите себеси. Тоа не беше предвидено ни во Предлогот за донесуваве на законот и на Комисијата за буџет и финансирање беше нагласено и побарано во заклучоците што ги усвои ова Собрание исто така е потврдено да во формата на Предлогот на законот ние добивме закон со кои што деловните банки во законската регулатива ќе бидат оспособени и ќе ја земат во надлежност ′оваа работа за вршењето на внатрешниот платен промет помеѓу прав-ните и физичките лица, токму и поради тоа што постоечките деловни банки, а знаеме кои се, не се вистински банки туку се парадржавни институции.

Затоа предлагам извештајот како што е поднесен за заклучоците да се прифати, а во еден работен заклучок самод а се интензивира односно да се задолжи Владата во што поитен рок да го достави Законот за службата за платниот промет.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако се усвојат заклучоците ние сме преудицирале точно се како ќе биде предложено и како ќе биде решено. Тако да нестанува збор за промашена дискусија туку за заклучоците кои што се овде на дневен ред.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Предлогот на Тодор Петров не е прифатлив бидејки самиот заклучок е спротивен на текстот на постојниот Устав. Уставот не познава СОК, а противречен е заклучокот дека таа

постои, треба да  се модериизира и слично. Треба издвоено да оди, да се прифати извештајот а останатиот заклучо треба да произлезе од овде во однос на таа служба бидејќи таа е голема формација и може посебно да дискутираме и да ја разгледуваме. Инаку, ние гледаме по друга линија место да одиме да го намалуваме државниот систем, ние имаме дупли државни органи и тоа дури не го ни забележуваме. Јас сметам дека тој заклучок е спротивен на текстот на постоениот Устав каде не познава концентрација и платен промет  и финансиска и полициска контрола и слично. Пред да се формира СОК, јас незнам како економистите не се сеќаваат сите  банки без проблем го вршеја платниот промет преку постоените банки кои беа миининизирани према постојните. Сега немаме доверба во банкраскиот систем. Меѓутоа сметам дека таа беше да се формира да даде стручна помош на правните лица во прометот, превентивно да ги воспособи а не да изиграва полицајци.

СТОЈАН АНДОВ:

Сигурно на сите ни е јасно ова е Служба на општествено книговодство, државата имаше функција на водење на општествено книговодство заради тоа што се беше општествено, сега тоа го нема па неможе да има ни Служба за општествено книговодство, затоа во Уставот ние не викаме општествено книговодство па за тоа да се изведе и служба. Нема потреба нема основа за тоа.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Почитувани пратеници, добро би било ние да бидеме порадикални во трансформацијата на вкупниот општествено политички ситем на ниво на Републикава и земјава. Мислам дека е точно дека оваа служа треба да се трансформира, точно е дека платниот

промет треба да го земат банките, меѓутоа начинот како треба да биде тој платен промет, за тоа треба посебна регулатива , посебен законски проект. Каква ќе биде финансиската контрола исто така треба посебен законски проект. Анализата дали ќе ја земеме Статистиката или не и кој дел ќе работи со неа исто така е посебно прашање . Мислам дека во моментов ние се трансформиран денес, денес сеуште постојат СИЗ-ови, нив ги трансформиравме, на дневен ред е извештајот за работа на СОК. Мислам дека овој извештај , овие заклучоци правилно ја одразуваат состојбата на досегашната СОК како што работеше.

Мислам дека и четвртиот заклучок каде што пишува ,,трансформација,, значи дека таа треба да се трансформира . Како треба да се трансформира, кога треба да се трансформира,јас мислам дека тоа е задача на Владата и под најхитно тоа прашање треба да се регулира.

СТОЈАН АНДОВ:

Да го усвоиме Извештајот,а за заклучоците да се договориме потоа.

Има збор Наќе Стојановски.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ако внимателно го прочитаат заклучоците нема никакви елементи тие да се оспорат,ниту нешто преудицираат во иднина некакво зло од кое неможеме да куртулиме. Напротив се рамка и овозможуваат , даваат простор СОК и се она што е почнато како процес, како што спомна и господинот Тодор Петров дека и програмата на Собранието во врска со вршење на платниот промет, највите на одредени и други трансформации и функции на служби,

финасиската полициа итн. и целиот тој систем што досега го вршеше и функциите што ги вршеше СОК парлално со текот на овој период се трансформиаа и си добија свое адекватно место. Инаку инсистирањата од оваа говорница овде со акти ноќеска на еден болшевички стар начин да се прејудицираат некои работи јас не ги разбирам, особено колегата Никола Крстевски преку ноќ да ја трансформираме службата и животот. Како досега воопшто да се нема слушната во оваа сала дека постојат преодни периоди, а впрочем и неки заговарања што беа кажани од оваа говорница ги кажа и директорот на СОК дека службата сеуште работи врз основа на легитимни прописи. Постојат норми, постои и  републичко законодавство и сојузно законодавство кое ние го имаме преземено и кои дефакто се на сила, а и самиот Уставен закон за спроведување на Уставот каде непостои институцијата на СОК вели во членот 6 дека "законите кои не се во согласност со Уставот на Република Македонија најкасно ќе ги усогласиме во рок од една година" некаде до 20 неоември оваа година. Практично сеуште постои легитимно законска, нормативно  за работа на таа служба и заклучоците што се овде и од расправата и од она што е почната како процес е произлезено дека таа служба треба да се трансформира и влезено е тоа во заклучоците мислам дека заклучоците треба да се подржат едногласно.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Во функција на подобро концепирање на заклучоците, а и заради отстранување на можноста за прејудицирање на некои решенија како што се наведени во точка 4 предлагам точка 4 да гласи: "Собранието укажува дека е потребно во што покус период норамативно да се регулира статусот на Службата за општествено книговодство", без да се трансформира во посебна,ќе се подобри, без

никакво преудицирање. Како ќе го регулира тоа законот што ќе го донесеме така ќе биде, меѓутоа точка 4 да гласи како што предложив.

СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш отпаѓа ова ветување дека тоа е една служба итн. итн., туку се отвара тој процес на промени во целата таа област и се овозможува, каков ќе биде тогаш кога ќе договориме. Меѓутоа, јас сакав да ви укажам со сегашниот текст овде фактички се дава зелено светло овде да остане целосна рамка како што е сега.

Дали се усвојува овој предлог на господинот Тодор Петров за точка 4, да отпадне сегашниот текст, а овој текст го уврстиме што тој сега го наведе.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Сега точката 4 гласи поинаку, и Извештајот на службата и заклучоците во овој текст сегашен ги ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?  (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ги усвои извештајот и заклучоците.

Минуваме на точка 40 Извештај за остварување на средствата  од игрите на среќа што ги приредува ,,Лотарија на Македонија,, за 1991 година.

Извештајот и  извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за труд и социјална политика и Предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Во врска со точката 3 од заклучоците јас би сакал да го напомнам следното, во таа точка каде што се вели да новата законска регулатива биде донесена во што покус рок, го подржувам ова и би сакал ако може да одредиме точен датум за тој рок, зошто ние постојано носиме заклучоци и постојано велиме што покус рок, што побрзо и потоа се се разводнува. Причина за ова е сите овие автомати, игри на среќа, јас би ги спомнал и коцкарниците казината дека се се работи на еден див начин и дека со тоа се осиромашува и се краде од буџетот на државата, Затоа предлагам тоа да биде во што покус рок донесена оваа законска регулатива исите тие работи да се опфатат, но да се одреди датумот до кои ќе биде предложен тој закон.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам  претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на точка 41- Информација за оправданоста и законитоста на одземањето на паричните средства од граѓани на територијата на Република Македонија од страна на Министерството за внатрешни работи.

Информацијата и извештајот на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана ви се доставени односно поделени,

Отварам претрес. Кој бара збор.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор пратеникот Сејфедин Харуни.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, Информацијата које е пред нас доставена е до сите пратеници од Минситерството за внатрешни работи за оправданоста и законитоста по повод одземањето на парични средства од граѓаните на Република Македонија од страна на Минстерството за внатрешни работи, која Информација Владата ја има разгледано и доставено до сите пратеници. А по Одлука на Владата под број 23-1998/1 од 3 .Х.1991 година.

Со оваа Одлука од 10 месец минатата година во општина Гостивар , а и во други општини во Запдниот дел на Република Македонија, а претпоставувам дека тие рации се изведени во цела Република Македонија, е појава што ги вознемирува граѓаните и создава висока тензија на инака вжештените меѓунационални односи. Колку тоа било оправдано и колку тоа било исправно мислам донесувањето одлуката на Владата покажуваат и одредени податоци што ги имаме собрано на теренот. И од оние податоци и од она што веќе во Информацијата е истакнато може да се каже дека е направена една голема злоупотреба и своевиден грабеж на граѓаните. Овој грабеж секако е вршен преку акциите и рациите од органите за внатрешни работи.

За оваа појава уште во почетокот лично му сугериравме и на покојниот министер за внатрешни работи, меѓутоа, на таа сугестија, на тоа што баравме и рековме тие останаа такви безуспешни,

Исто така, во една друга прилика на претседателот на Владата Никола Кљусев за една ваква масовна појава која веќе ги вознемируваше граѓаните, а имавме сознание дека е тоа бесправно и без никакво образложение на граѓаните да им се одземаат секаков вид на пари, девизи, злато и се што друго вредно ќе се најде кај граѓаните. Со нашите позитивни закони секој граѓанин има право да носи и пари и девизи и злато. Ова го покренавме на 33-та седница од 14.11.1992 година на седницата на Собранието и баравме од Владата да поднесе извештај и анализа, или информација и тоа се прифати. Меѓутоа, оваа информација е нецелосна и неверодостојна. Затоа што ние баравме во таа анализа и во таа информација што ќе ја достави Владата по име и презиме и по националност да се изнесат сите граѓани кои беа изложени на тие рации. Само да прочитам дел од првиот пасос на оваа информација. "Во текот на втората половина на 1991 година Министерството за внатрешни работи регистрираше појава на незаконско купување и продавање на поголеми количини девизи , злато и други вредни предмети и нивно изнесување надвор од Република Македонија.Ваквите недозволени трансакции беа масовни по воведувањето на словенечкиот толар и хрватскиот динар". Оваа намера за што Владата зеде ваков чекор беше исправна. Меѓутоа, целта на намерата која што и беше на Владата не ја искажуваше до крај искреноста во конкретните случаи.Затоа што Министерството за внатрешни работи, поточно органите за внатрешни работи своите рации, како што е и во одлуката на Владата изнесено дека при менување и при размена на тие динари и девизи во конкретни случаи на лице место да се фатат граѓаните.Меѓутоа овие рации се извршени на улица, во чаицилници, на раскрсници,при одење и враќање од пазар и тоа не на одредени лица туку масовно биле стопирани и сите биле прегледувани."Постапувајќи согласно

Министерството за внатрешни работи превзеде мерки и активности и на територијата на целата Република", а јас сум сигурен дека такви рации се изведени, можеби и во други градови. Меѓутоа, во Информацијата немаме никакви податоци дека тие акции и рации се изведени и во други делови на Републиката. Ниту еден случај од оние ограбувани од оние изведени рации, македонец не е пријавен. Ова секако зборува само за себе , за што зборува и самата намера на оваа Одлука на Владата.

За овие злоупотреби органите за внатрешни работи имаат извршено рации дома и во други прилики. На пример за такви злоупотреби имаме и во с.Градец каде што органите за внатрешни работи од гушата, од гердан, редени златници и тоа со комбинирки се земени од страна на Раде Јандриевски, ги има извадено од другарката на Сафет Бајрами од с.Градец, шест златници за што има и потврда. Меѓутоа, постапката и начинот на извршувањето на таа работа, значи дома, е своевидна злоупотреба на самиот орган.

Во Информациајта се истакнува дека , таков пример мислам имаме и во с.Неготино,од чекмеџе кај Зејнет Рамадани се земени 1000 марки, 20 швајцарски франци и 10 УСА долари. Значи рациите не биле изведени како што се наведува во Информацијата само на раскрсници, мислам во центрите, поготово на оние лица кои биле под сомнение, тука исто така имам еден друг податок, лице кое што се занимава со препродажба на девизи, му се земени 350 милијарди динари и на истото лице за дватри дена органот му ги враќа парите. Ова исто така , самиот податок зборува дека органите за внатрешни работи ги стимулирале тие шпекуланти, а на оние што поштено и што своите пари ги спечалиле со пот на нив не им се вратени и до ден денеска.

И при првата прилика кога го поставивме ова барање за да се стави на дневен ред, многумина другари овде рекоа дека се работи за десетина граѓани. Во Информацијата гледаме дека 30 милјарди динари се земени и тоа нови, 1 милион и 500 илјади марки, 200 илјади швајцарски франци, златници, сребрени и други предмети, како и што се наведува овде дека е земено и оружје и што уште не. Исто така, овде во Информацијата се кажува дека на многумина граѓани парите им се одземени при одење од Аеродромот во Петровец  и при враќање, точно е така. Меѓутоа, ниту еден граѓанин што патува било во странство или кога се враќа од странство не заминува само од Аеродромот. А се знае кој патува и кој патува повеќе во странство. Тука не е направена некоја класификација, туку со ред сите се опљачкани и ограбувани од страна на ресорното Министерство.

Ние истото го баравме во анализа или во информација да биде тоа ставено со име и презиме на граѓани, што секако оваа Информација тоа барање не го исполнува.

Овие податоци што ги имаме тука, луѓето многумина од кои се барало потекло на тие девизи и средства доставиле до органот за внатрешни работи, земени од органот или во работната организација каде работеле, меѓутоа, тие и понатаму остануваат глуви и никако не им одговараат на луѓето и ден денеска парите се задржани во органот.

За своевидна, исто така злоупотреба од страна на самиот орган, имаме примери на граѓани од с.Градец на кој му се земени 800 германски марки и му е дадена потврда во моментот. После една недела истото лице е повикано во органот и првата потврда за одземени 800 германски марки му е одземена, тоа е на Наѓим Бервиши и му е

врачена друга потврда за одземени пари. Фактички на лицето му се земени 800 германски марки, а втората потврда му е вратена во вредност во динари.

Имало случаи на одземање на пари и на лица кои со девизи и со пари во џебот се обратиле до сите туристички агенции за да купат карта и да отпатуваат во странство. Таквите примери се уочени кај Месаил Рушани на кого му било барано да поднесе потврда од органот каде работи, потврдата е доставена уште во октомври, а органот од пред 8 месеци и ден денеска парите не му ги има вратено. Таков случај имаме исто така и кај Демири Емберли од с.Добридол кој целата сезона работел минатата година во Марибор и целата заработувачка што ја добил му ја ограбена на 10.10.1991 година. Таа фамилија денеска во Добридол нема ниту вреќа брашно. Земени му се 1250 германски марки 100 швајцарски франци и 23 милијарди наши динари. Таа фамилија денеска во Добридол едвам истерува крај со крај. Парите се земени исклучиво на албанците, тоа го тврдам. Со овие рации може да се види чесната намера на оваа одлука што Владата ја донесе од 3.10.1991 година. Што на крајот би се рекло, каков апсурд може да биде и самиот по себе да зборува за своевидна злоупотреба. Никогаш не сме биле и не сме изразиле ништо против органот за внатрешни работи, рациите што ги има преземено. Меѓутоа, секогаш сме биле против и ќе бидеме само за прекорачувањата на тие овластувања на службата. Сепак за таквите злоупотреби ние и натаму ќе бидеме за тоа, за таквите лица кои прекорачувале, да се преземат и соодветни мерки.

Последниот пасус ,,организирајќи ги состојбите во врска со наведните трансакции на граѓаните со девизни средства, МВР на Република Македонија оценува дека оваа појава во текот на изминатите месеци поприми големи димензии до несакани последици, поради што преземените мерки и активности од страна на МВР се оценуваат како законски и целосно оправдани, поради што тие продолжуваат и натаму". Јас мислам самиот заклучок претставува коментар посебен, а јас би додал и би заклучил, безпредметно е да се дискутира на адреса на МВР од овие и други податоци со кои располагаме. Таа прави се што и паѓа на памет, и сама не знае.до кога ќе оди со ваквите зулуми. Ова го кажувам со голема одговорност. Најлесно е да ја објасниш оваа намера како што ја имаме пред себе и оваа информација на Владата. Но многу е тешко неа да ја сватиш, значи што и била намерата на Владата.

1.Предлагам Владата да преземе мерки против оние што ја злоупотребувале службената должност.

2. На граѓаните да им се вратат динарските средства со одредена ревалоризација, девизите, златото и се што било без правно земено, а воедно оваа анализа да биде потполна и веродостојна по име и презиме и националност на тие на кои им се одземени парите.

ДИМИТАР ТЕПЕНОСКИ.

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Мислам со расправата по оваа Информација не постапивме фер, односно кога станувaше збор за точките 26, 27, 28 , 29 ,30, 31, рековме дека немаме присуство од >Министерството, така да отстапивме од демократското правило да можеме да ја сослушаме и другата страна. Во тој контекст јас мислам дека треба да прекинеме со расправата по оваа точка и кога ке се создадат услови на присуство и тогаш да расправаме.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Во целост ја прифаќам дискусијата на претходниот дискутант и мислам дека би требало да беше присутен министерот за внатрешни работи, мислам дека сепак покрај тоа што даде образложение претседателот дека е тука претседателот на Владата, сметам дека тој дека најадекватно ќе дадеше одговор и на доста реални работи што ги рече г-динот Харуни. Мислам деа ако не ја прекинеме седницата во врска со оваа точка, тогаш јас имам доста што да кажам.

СТОЈАН АНДОВ:

Да ја одложиме оваа точка, кога ке дојде г-динот Фрчковски, тогаш ќе ја разгледуваме.

Минуваме на 42-та точка - Предлог на одлука за одобрување на пресметка за приходите и расходите за распределба и користење на средтвата за работа на Републичкиот, градскиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот за 1992 година.

Прелогот на Одлуката, пресметката и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана ЗПК и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам

претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката , молам да крене

рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за одобрување на пресметкта за приходите и расходите за распределба за користење на средствата за работата на републичкиот,градскиот и општинските совети за безбендост на патиштата за 1992 година.

Минуваме на 4 3-та точка - Предлогот на одлука за именување членови на Комисијата за именување на индивидуален работоводен орган на Педагошката академија "Гоце Делчев" - Штип.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам, кој бара збор? /(никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлгоот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(мнозинството пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? *(2)*

Констатирам.дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Комсиијата за именување на индивидуален работоводен орган на Педагошката академија "Гоце Делчев" -Штип.

Минуваме на 44-та точка - Предлог на одлука за разрешување заменик на јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен,

Отворам претрес

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(2)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на Трајче Китановски од функцијата заменик јавен обвинител во Окружнот јавно обвинителство во Скопје.

Минуваме на 45-та точка - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на. Собранието на Република Македонија од редот на научнтие и стручните работници од обласста на правото.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот па одлуката го ставам на гласање. Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (мнозинството)

- Дали има некој против?
- Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменвуање на Одлуката за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото. ,

Минуваме на 4б-та точка - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на надворешни членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (3).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Мкаеоднија од редот на научните и стручните работници.

Преминуваме ка 47-та точка - Предлог на одлука за именување членови на Републичката комисија за донсок со верските заедници.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на галсање. Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (мнозинството пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 )

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Минуваме на 48-та точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес,

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседтел и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Минуваме на 49-та гочка - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Минуваме на 50-та точка. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Ансамблот за народни игри и песни на Македонија "Танец", за именување директор на ансамблот.

Предлогот на одлуакта ви се поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој) /

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака? (мнозинството пратеници).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Ансамблот за народни игри и песни на Македонија "Танец" за именување директор на Ансамблот.

Минуваме на 51-та точка -

Оваа точка треба да ја одложиме бидејќи, формирање комисија за заштита на граѓанскtие права на вработените во Македонската телевизија Албанска програма,  не минала низ работните тела. Немам предлог од Комисијата за избор и именување. Само за Законодавно-правна комисија ни дава.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Во ЗПК мина, меѓутоа, само сакам да укажам на нешто, ако некој сака тука свесно или несвесно опструкција на иницијатива да прави, тогаш сакам да укажам на фактот дека не би требало тоа така да биде и би требало да се формира таква комисија.

Па Комисијата нека оцени после за фактите.

СТОЈАН АНДОВ:

Господо, само сакав да би укажам дека вакви предлози доаѓаат од Комисијата за избори и именувања.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас само сакам да разлучиме до крај, без да се прави опструкција, со истата намера, а и во својство на известител на ЗПК. Не е точна констатацијата што ја изнесе овде г-динот Мухамед Халили дека Предлогот минал на ЗПК, затоа што Извештајот е пред вас, а тој гласи вака: барањето на група пратеници на ПДП за формирање на анкетна комисија за заштита на граганските права на вработените на Македонската телевизија, албанска програма, врз основа на претресот и членот 238 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го поднесува следниот Извештај:

Комисијата констатира дека предлагачот согласно одредбите на Деловникот на Собранието, бил должен  кон барањето за дополнување на дневниот ред на Собранието да достави и Предлог одлука за формирање комисија.

Ова го нагласува Комисијата затоа што на денот на расправата на 13 мај 1992 година, го немаше тој формален предлог, што е поднесен подоцна за жал овде во текстот од задната страна е на15 мај, значи после 2 дена откога расправала ЗПК, но сега

сосема нов и оригиналеи предлог, не за фоимирање на анкетна комисија, како што е утврден и дневниот ред, туку за формирање на повремено работно тело, бидејки самиот предлагач се повикува на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија, а не за Анкетна комисија. Понатаму, да се вратиме на Извештјаот вели дека во начелната расправа Комисијата имаше дилема дали разрешувањето на ова прашање може да се регулира со основање на анкетна комисија согласно член 76 став 2 од Уставот на Република Македонија, имено, во Комисијата да се истакне дилемата дали наодите во барањето за кршење на граѓанксите права на вработените во Македонска телевизија, албанска програма, се прашања од јавен интерес.

Во Комисијата имаше и мислење дека одредени проблеми би можеле да се разрешат и преку постојните работни тела на Собранието, односно преку Комисијата за општествен надзор и претставки и други државни правосудни органи. тоа е Извештајот од ЗПК од 13 мај 1992 година.

Врз основа на тоа барање и тој Извештај е формулирана и усвоена точка на дневен ред за оваа седница која што гласи и како што гласи. Формирање на Анкетна комисија за заштита на граѓанските права. Додека на 15 мај истиот предлагач веројатно имајќи ги предвид сугеститие на ЗПК самиот свој предлог го трансформира согласно не член 76 став 2 за формирање на анектна комисија, но согласно 76 став 1 за формирање на времено работно тело на Собранието на Република Македонија за испитување на наодите кои се внесени во постапката. Со оглед дека оваа одлука што е поднесена на 15 мај ЗПК ја нема гледано, едно друго работно тело ја има гледано, јас би сакал да изнесам лично мислење и по оваа нова одлука.

Лично сметам дека на ваков начин прашањето е решено затоа што ние имаме постојано работко тело, тоа е Комисијата за оптшествен надзор. Наместо да се формира согласно член 76 став 1 времена комисија, ние имаме стална комисија именувана и која може во процедура да го земе предметот да го разгледува и евентуално врз основа на наодите да ни предложи на ова  Собрание еден ден да расправаме ако оцени самата комисија. Тоа е мое лично мислење по новиот предлог, бидејки и суштински е нов предлог затоа што за основа го имате земено член 76 став 1 од Уставот.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Да имав намера да се натпреварувам со вас во областа на правото би прочитал многу, меѓутоа, немав таква намера и побарав стручно помош од Стручната служба . Мегутоа, само нешто сакам нешто да ви укажам на вас г-дине Стојановски и на сите други кои мислат дека можат такво нешто да спречат. Ако во Парламентот овој состав не се разреши, тоа ке го реши наредниот. Такви барања секојдневни ние имаме во секојдневниот печат почнувајки од петицијата на 101 интелектуалец од албанска народност, од форумот на жените и на сите други асоцијации. Ако мислите вие дека таквите состојби ќе ги криете, тогаш не сте во право, ако мислите така. Јас мислам дека не мислите така. Ако сакате да го браните Шакири, не ќе можете да го браните, а најдобро и за него би било и за Парламентот таква анкетна комисија да биде формриана и објективно да ги испитува сите тие работи што се наведени таму. Секогаш кога е во прашање некоја иницијатива било да е од пратеничка група на ПДП, а особено кога е во прашање Мухамед Халили јас знам одговорот

ќе биде тој проблем да се реши ВО СКЛОП НА на тие органи и тела тета што постојат тука, што се согласувам потполно, меѓутоа да беше истиот критериум и за двете првобитни комисии што ги формиравме тука. Ако е во прашање министер за правосудство во управа, тогаш за вас социјалдемократи, ако се социјалдемократи, може да се состави една таква комисија. Ако е во прашање некој друг ваш интерес од Пратеничката група што го браните тука, повторно може таква комисија да се состави. Ако е во прашање една друга иницијатива, тогаш не може таква комисија, бидејќи имаме такви тела тој проблем треба да се реши во склоп на тие тела и не е во согласност со Уставот, не треба алинеја 1, треба алинеја 2, мегутоа, јас повторувам, не сум правник и не ме интересира дали ќе биде алинеја 1 или 2. Мене ме интересира дали ова Собрание ќе формира Анкетна комисија.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ;

Прво, јас малку сум и изненаден од настапот на пратеникот Мухамед Халили на ваков начин што се обидува да направи една дисквалификација лично на мене и на Пратеничката група од Социјалдемократскиот сојуз, што нема основа за тоа, затоа што овде истапував во име на Законодавно-правна комисија. Тоа е формалниот приод за неоснованоста на таквиот приговор, но суштински е затоа што нема суштински приговор за ваквиот став. Всушност алинеите што ги нарекувате вие 76, став 1 и 2 и тн., што не ве интересираат, е принципиелно прашање, не ги пишував јас туку ги поднесовте вие овде, предлагачите, и на истите се повикувате и Законодавно-правна комисија само во таа конотација можеше да го гледа предлогот и така е дискутиран. Се што е друго овде на релација пренесено во политичка конотација на проблемот јас со индигнација го отфрлам и од себе си и од Пратеничката група за која исто така беше и на самата Законодавно-правна комисија во размената на мислењето изнесена соодветна квалификација на членовите од Социјалдемократскиот сојуз. Јас мислев дека тоа беше моментна слабост на пратеникот, но еве веќе продолжува и после шест дена од истава говорница исто да се зборува.

Во однос на народот што ќе решава, а што ќе решава Парламентот, незнам колку држи место од оваа говорница овде да се кажува во секој случај народот ќе одлучува со нашиот избор, со нашиот отповика дека ќе мора да се зачува легитимноста на приодот на разрешување на прашањата ќе мора. Префрлањето на политички терен дека ние преку моето искажување сакама да го затвориме проблемот, не држи затоа што упатуваме на постојната комисија која е, со оглед на карактерот на спорот што е изнесен во Предлогот на групата пратеници. Се работи за спор од работен однос на вработен и дел од вработени кои се во

таа институција и кои, барем во досегашната фаза што е изнесено, не постои никаква пречка Комисијата да го преземе. Всушност, и претседателот на Комисијата за општествен надзор е од редовите на Пратеничката група на ПДП-НДП. Зошто сега такво стравување, јас се прашувам, јавно од оваа говорница да се искаже резерва спрема тоа постојано работно тело и претседателот на таа Комисија, кога и тој зема личен доход за тоа и е платен да го работи тоа, согласно Деловникот, и врз основа на сестрана анализа на проблемот, ако оценат да ни предложат од оваа говорница овде и во процедура легална согласно Деловникот, ако оценат, да расправа и овој Парламент.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, сакам само да ве потсетам дека се работи за едно највисоко законодавно тело како што е нашиот Парламент ио дека треба да го сочуваме неговиот дигнитет и сите дискусии со јавно изречениот збор од оваа говорница.

Во прилог на она што овде беше речено, пред се во врска со Иницијативата, како и секоја иницијатива, мислам дека и на оваа треба да и се оддаде нужното внимание од посебна причина што произлегува од една таква сериозна партија како што е Пратеничката група на ПДП-НДП. Меѓутоа, мислам дека за сите работи во овој Парламент не треба да решаваме поединечно, туку треба да решаваме во принцип односно работите да ги гледаме во суштина. Уште веднаш ќе кажам, мислам дека не е правона било која партија да навлегува во кадровската структура на една независна институција, каква што треба да биде Македонското радио и Македонската телевизија, заради тоа што тоа битно би ги нарушило односите во сите сфери на информативниот свет на Република Македонија. Мегутоа, адекватно на тоа мислам дека

нема потреба од формирањето на една ваква анкетна комисија или на други анкетни комисии кои би проследиле слични вакви проблематики, од проста причина што Собранието ќе се претвори во иследнички групи кои постојано ќе работат на нешата кои не ќе можат да го решат во принцип. Следејќи ја дискусијата по сите овие прашања кои не се само предмет на денешната расправа на Парламентот туку и неодамна посебно на последната  седница што беше на овој Парламент се наметнува потребата од една поширока информација која во овој Парламент треба да се согледа, а треба да ја изготви Министерството за информации, а тоа е Јавното информирање и организационата поставеност во средствата за јавно информирање во Република Македонија. Ова е сериозна тема на која ние во сите наши дискусии постојано се навратуваме, меѓутоа се од некои аспекти а никако да го погодиме она што е значајно и сериозно, односно што е национален интерес, што е државен интерес на Република Македонија во информативниот простор на Република Македонија.

Според тоа, јас ве молам ова мое прашање односно овој мој удел во дискусијата да го сватите и како предлог за кој барам Парламентот да се изјасни за воведување на една ваква тема на наредна седница која што би ја изготвило Министерството за информации.

ХАМИД АЛИУ:

Навистина се чудам господа пратеници, зошто не сме принципиелни во некои работи. Кога се работи за 150 или 300 луѓе или 500 луѓе ние формираме анкетна комисија. Кога се работи за поголем број припадници на националности тогаш сме анблок против тоа, затоа што сме такви како што сме тука а од друга страна пред 15 дена донесуваме некој закон просто речело од инат не го гласаме, донесуваме

нов закон, па нов амандман и ми паѓа на памет дека сме погрешиле. Навистина ова е за жалење како начин на работа на овој Парламент.

Прво, ако некој го брани, ако некој мисли дека во право е таа редакција, албанска редакција, тогаш зошто ние да се плашиме ако се формира анкетна комисија. Ако е вред анкетната комисија ќе достави извештај. Ако не е вред,секако, ќе се знае кои се надлежностите,

Второ, зошто на ваков начин се работи и потполно е во право господинот Мухамед Халили, зошто не го анализираме тоа и на крајот на краиштата зошто неможеме да расправаме по оваа точка што е влезена во дневниот ред.

Трето, ако се работи господине претседателе, и почитувани пратеници, за Комисијата за именување, да го оставиме да го разгледа таа комисија и на првата седница да го анализираме.

НЕИМ СЛЕМАНИ:

Дами и господа, јас и на минатата седница кажав дека принципиелно потполно се согласувам оваа Комисија, со оглед дека веќе дека имаме ваква комисија која се занимава со ваква проблематика, можеби не требаше да формираме. Меѓутоа со оглед дека ги прекршивме тие принципи од случај до случај формиравме Комисија, тогаш реков дека уште овој пат ќе мора да важи овој принцип како што важеше досега за другите случаи како на пример за Валандово и Струга. Исто така, се согласувам дека оваа институција е од посебен општествен интерес. Ако е така, тогаш треба да важи ова дека посебно за државата тоа треба да служи за афирмација на науката, културата, традициите на оние за кои е формирана таа институција. Мегутоа, за жал денес немам намера да зборувам за тоа како ќе биде во иднина, тој човек кој исклучиво служеше не за афирмација туку за дисквалификација на

науката, културата и слично, се она што ја прави една нација како нација. Господин Стојановски, не сакам денес да полемизираме, со оглед дека оваа партија овој човек го постави преку ноќ на функција и сега сваќам потполно дека на ист начин ќе треба луѓето да му најдат друго работно место. Според тоа, мислам дека овде веднаш маора да се формира таа комисија, а ако не ние ќе бидеме принудени односно народот како што кажа господинот Халили, што не сакам да го повторувам, народот сигурно ќе се повика, ќе се откаже од тоа што треба да плаќа и според тоа тука ќе завршиме. Меѓутоа, тоа не е целта ниту на нашата партија, ниту на нашата парламентарна група, ниту на колегите и другарите кои се залагаат за една ваква опција. Според тоа, мислам дека уште овој пат треба оваа Комисија да се формира, како анкетна комисија за овој случај, а потоа ќе ги почитуваме сите правилници и деловници за работа на овој Парламент.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитувани пратеници, последниот дискутант што мислам дека и тој како правник, адвокат и јас како правник не би можеле да го воспоставиме како однос и правило а тоа е ако еднаш нешто сме прекршиле дека сега треба да одиме со прекршување, да се задоволи нешто што на одреден начин нема основа. Не ми беше цел тоа да го кажам на почеток, меѓутоа, интересно е да се каже што ние после ова што толку се оттегна овој извештај за работната група или Комисијата која ја формиравме за трите случаи, ние сега сме на добар пат да воспоставиме една пракса која нема ниту уставна ниту законска па можеби ниту деловничка подлога во прописите. Имено, за што се работи? Се работи за она што практично со Уставот не се успеа да се разграничи, а тоа се пренадлежностите кои треба

да ги имаат анкетните комисии, било да се работи за повремените или анкетната комисија која ако добро се сеќавам пред две седници ја избравме како постојана Анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи, и она што би требало да биде во ингеренција на народниот правобранител, ако е закон, а да не кажам и постапка за избор на народен правобранител требаше да ја направиме токму до денешен ден, до 20-мај, кога истекува и Уставниот закон на Републиката. Затоа, мислам дека префрлувањето на ова барање, и барањето основ и тоа да најде свој начин и своја постапка како би можело легитимото барање за испитување на одредена состојба за лица, органи и тн. кои вршат јавни овластувања да биде ставена на дневен ред, подразбира да се има трпение и да се има дијалог. Оваа одлука што е овде понудена,а незнам, понудена е веројатно од пратеникот Мухамед Халили, навистина не е во согласност ниту со членот 76 кој предвидува можност за анкетна комисија и била цел на предлагачот да се формира анкетна комисија, мислам дека формално-правно треба да се постапи по тоа да се има 20 потписи.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ: (Од место)
20 потписи има.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Во однос на тоа самото Собрание да оцени дали конкретниот случај всушност претставува потреба да се проучува од аспект на јавниот интерес и тн. Меѓутоа, јас сум убеден според оној допис на вработените од оваа редакција дека се работи за нивни барање за заштита на своите граѓански права и слободи и во отсуство на овој институт што ние го вградивме во новиот устав, народен правобранител, навистина ова е адхок одлука која треба да ја донесеме по конкретниот случај.

На господинот Мухамед Халили сарказам никогаш не му недостасувал и незнам зошто сега ја поврзува целата оваа работа со збиднување на народот, јогурт револуции и тн, кога знаеме дека има и личен белег бидејќи се работи за некои семејни односи, ако може да се потенцира и тоа бидејќи сепак јавноста слуша, да знае. Така што мислам дека нема потреба да се оди во проширување на темата, ако се земе предвид што е иницијативата на самиот предлагач. Ако е накетна комисија постапката е јасна, се предлага анкетна комисија, Комисијата за избор и именување ќе предложи состав или самиот предлагач ќе предложи, па ќе помине низ комисијата и тоа ќе оди на гласање. Вака како што е направена одлуката не познава ниту Уставот ниту незнам на кој основ би било тоа повремено работно тело. Времените работни тела се или анкетните комисии или нешто друго, што јас не го знам, а тоа треба некој друг да го објасни.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Господин правниче, јас реков дека не сум правник и барав помош од стручната служба. Реков дека сакам да формирам анкетна комисија и реков дека јас се повикувам на член 76, став 2 од Уставот на Република Македонија. Бев многу јасен. Сега што вашата стручна служба подразбирала под тоа, мене малку ме интересира. (Реагирање од место на повеќе пратеници на зборот "вашата".) Во Собранието молам.

Прво, да разјасниме некои случаи. Тука во Собранието ние ги заштитуваме граѓанските права, а не семејните права. Точно е дека еден од многумината, на кои им се одземени граѓанските права во Албанската редакција е и еден со кој сум во семејни односи, мојот брат. Меѓутоа, јас имам друг предлог, вие како Парламент

да почекате уште неколку дена додека не излезе "Службениот весник на Република Македонија", јас него ќе го прогласам дека не ми е брат, за да се здобие со граѓанско право да се жали до Парламентот, а додека излезе неговото име во "Службен весник на Република Македонија" вие можете 8-те други случаи, овој случај да го оставите на страна, бидејќи тој не се жали кај нас, другите се жалат, другите барале помош. Јас не сум барал поименично, туку сум барал севкупните состојби во таа информативна редакција да се видат. Плус, да додадам и тоа за да се брани од критиките на јавноста, тој ги злоупотребува и информативните емисии, со тоа што на некои лидери на партии им овозможува дури во една информативна емисија да одземат време од 20 минути да го фалат него пред телевизиските екрани, додека албанските граѓани бараат програма не бараат интервјуа, кои ќе имаат намена да го бранат него како главен уредник на тие емисии.

Имам конкретен предлог, бидејќи гледам дека од страна на бившите комунисти нема такво расположение, јас ова прашање ќе го поставувам на секоја седница, на секоја седница обавезно, а до наредната седница да се состане Комисијата за избори и именување, да го каже својот збор, а потоа, еве сега предлагам, иста Комисија на наредна седница и со тоа ги молам другите да не водат дебата за оваа проблематика, бидејќи Комисијата ќе се состане и ќе даде свое мислење.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас мислам дека тоа е и вистинскиот предлог, фактички не на наредната седница туку на оваа седница кога ќе ја завршиме, на идното продолжување бидејќи нам ни останаа точките за кои ни е потребен господинот Фрчковски и кога ќе дојдат на дневен ред тие точки, кога ќе дојде тој тука, тогаш и оваа точка ќе ја гледаме,

а дотогаш комисиите нека ја разгледаат. Дали може така да се договориме.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

И оваа расправа овде укажа дека овој Парламент е шампион кога ќе треба да угуши некои политички иницијативи по пат на процедура или кога ќе треба некои процедурални прашања да ги издигне на ниво на политички проблеми.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (продолжение)

Никој овде не рече дека треба да се затвори прашањето и дека не треба да се проверат состојбите. Разговаравме процедурално кој тоа треба да го направи, дали постојната комисија за претставки и поплаки или општествен надзор, дали Комисијата за информирање, дали нова анкетна комисија и на крајот на краиштата за нас од Социјалдемократскиот сојуз не е според ниту овој предлог кој беше иницијално даден, да се формира посебна анкетна комисија. Принципиелно тоа не држи, како што не држеше и во случајов кога формиравме посебна анкетна комисија за случајот Куклиш и Радовиш и кога ние предложивме, овој Парламент ова не го усвои. Така да бевме во иста ситуација со нашите колеги од ПДП, исто така, бивши комунисти по прашањето на министерот за правосудство односно оставката на јавниот обвинител од Охрид. Затоа, како дополнение на Вашиот предлог, јас се согласувам овде ќе одиме по принципот на преседан, а не по принципот на процедура.

Мислам дека е крајно време ние да ја формираме односно да ја заокружиме до крај веќе потегнатата иницијатива за формирање на трајна, постојана анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи, за што веќе овој парламент донесе одлука, меѓутоа, таа работа не е привршена, бидејќи не го имаме избрано составот. Од тој момент па натаму, вакви, бидејќи не се сомневам дека на следната или на некоја од следните седници ќе се појават некои други проблеми и бидејќи тоа прашање на формирање на трајна анкетна комисија од таа свера, што ни е и уставна обврска го одложуваме се наоѓаме во ситуација постојано да формираме повремени

привремени, инцидентни анкетни комисии. Затоа ако веќе ако закаже седница Комисијата за избори и именувања да разговара на оваа тема нека разговара и за темата за формирање, за составот на трајната анкетна комисија. Дали ќе се согласат колегите на ПДП првата задача на таа комисија, бидејќи така и така, ништо не се губи време, биде токму ова прашање, тоа е веќе прашање на нивна одлука. Мислам дека ова е добар повод и треба да го искористиме да ја исполниме задачата и обврската што како Парламент веќе си ја презедовме кога донесовме одлука за формирање на трајна анкетна комисија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние имаме предлог од предлагачот да не расправаме повеќе за тоа. Нека се состане Комисијата за избори и именувања, да видиме не е на дневен ред сега формирањето на таа комисија, меѓутоа, треба да ни даде веќе предлог, ќе го пуштиме во постапка и за составот на анкетната комисија, за која имаме одлука дека ќе се основа.

Инаку, да заклучиме сега надлежните комисии нека видат тоа што треба да се погледне и официјалниот предлог и оваа одлука па нека ни дадат став, кога ќе закажеме седница за другите точки што ги одложивме тогаш ќе расправаме и по оваа точка што господинот Алили ја предлага.

Дали се согласувате со овој предлог? (се согласуваат)

За тоа кога ќе наставиме со работа по 38-та седница, ќе ве известивме, кога се врати господинот Фрчковски, ќе се договориме и ќе ве известиме.

(Седницата заврши во 16,15 часот).